СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Шеесет и седната седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 септември 1993 година

Скопје, септември 1993 година

## II- ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 67-та СЕНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 30.IX.1993 ГОДИНА

**<u>Дискутанти:</u>**

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 42, 44, 74
2. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 2, 13, 84, 94
3. АЛИУ ЕШТРЕФ - 6
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 10
5. АНЧЕВ ЕФТИМ - 11
6. АЛИУ ХАМИД - 47, 77, 81
7. АРСОВСКИ БРАНКО - 66
8. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ – 86, 87
9. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 13
10. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 13
11. ГОШЕВ ТУШЕ – 15, 28, 29, 30, 45, 46, 71
12. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР – 22, 79, 81
13. ИВАНОВ ИВАН - 3
14. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 49
15. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 25, 26
16. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 51, 54
17. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА – 61, 62
18. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ – 68, 71
19. МИЛКОВСКИ СТРАШО - 96
20. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 97
21. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 28, 78, 85 (води седница)
22. МАРКОВСКА ЏУЛИСТАНА – 26, 32, 36
23. МИНОВ ПАНЧО – 23, 31, 56, 75, 96
24. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР – 14, 16
25. МУРТЕЗАНИ АВДИ – 17, 19
26. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ – 31, 64, 87, 89
27. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ - 19
28. ПЕШЕВ АНТОНИ - 7, 8, 12, 16, 21, 25, 34
29. ПЕТРОВ ТОДОР - 33
30. ПРЕВАЛА ШАБАН – 8, 82, 92
31. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 36, 37, 38, 39, 44
32. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 21
33. САДИКУ ФЕРИТ - 13
34. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН – 7, 8
35. СТЕФАНОВ ПЕТРУШ – 23 (министер за стопанство)
36. СТАНКОВСКИ РИСТО - 24
37. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 67
38. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 28, 29, 39, 40, 41
39. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 27, 42
40. СТАМЕНОВ РИСТО - 31
41. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 83, 90, 100
42. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 99
43. ТАИРИ ЏЕЛАЛ- 3, 76
44. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 23
45. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 55
46. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 59
47. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 20
48. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ - 12

**<u>седницата продолжува</u>**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 септември 1993 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа

Пратениците Панче Насев, Санде Давчев, Киро Поповски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме. Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).

Молам, кој е за предложениот дневен ред, да крене рака (Пратениците креваат рака).

Шеесет и еден пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **пратенички прашања.**

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Газменд Ајдарага, Коле Луловски, Авди Муртезани, Богдан Неделковски, Благоја Чкатроски,

д-р Никола Стојановски, Јован Николовски, Зоран Китев и Ташко Киров, Иван Иванов, Борко Ѓорчевски, Владимир Голубовски, Фаик Абди, Панче Минов, Владимир Димитриевски, Љупчо Ѓорѓевски, Трајан Мицевски, Нецети Џафери, Бранко Арсовски, Симеон Наумовски, Благоја Чкатроски, Никола Апостолоски, Алил Џафероски, Петре Трајкоски, Борис Горчески и Цветан Јовчевски, Ферид Садику и Петре Трајкоски.

Дали пратениците што ги поставија овие пратенички прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања?

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас на поставеното пратеничко прашање на два пати добив одговор. Како што е познато првиот пат не бев задоволен, а и сега не сум задоволен, од причина што не се дава одговор зошто и која е причината што не се спроведуваат општинските одлуки како републички согласно преземените одлуки согласно Одлуката на ова Собрание од 20 јануари 1991 година, односно 8 јануари 1991 година кога се пренесоа надлежностите односно се презедоа обврските од општинските судови да се спроведуваат како републички. Во случајот кога станува збор за извршување на општинските одлуки тие не се извршуваат. Воопшто не е оној одговорот што треба да биде, бидејќи Републичкиот суд за прекршоци писмено ги известува надлежните општински судови за прекршоци да не ги спроведуваат тие одлуки. Како може тоа кога истите се веќе републички.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На кого сега е упатено ова прашање? Молам да се проследи до Министерството за правосудство.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Јас имам добиено одговор од Министерството за внатрешни работи и не сум задоволен од одговорот бидејќи Министерството не нуди никакво решение во однос на тоа како ќе се намалуваат редовите во Гостивар за добивање на документи и воопшто со потребна документација на граѓаните. Не може со еден шалтер да се услужат над 130 илјади граѓани. Секојдневно редовите и понатаму се присутни и врз основа на овој одговор што го дава Министерството не гледам дека таквите проблеми ќе се решат. Затоа исто така повторно го активирам прашањето со сугестија Министерството да отвори повеќе шалтери, да вработи и повеќе луѓе кои ќе се позанимаваат со издавањето на потребната документација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе се упати ова прашање до надлежното министерство.

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, тогаш минуваме на поставување пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање до Владата на Република Македонија, односно министрите и другите функционери кои што раководат со органите на управата.

Има збор господин Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници формата на поставувањето на пратенички прашања имам впечаток, иако претставува еден директен контакт меѓу пратениците и Владата, не- како во последно време како да затаи во тој дел. Меѓутоа и покрај тоа што оваа денешна наша седница претставува продолжение после подолг временски период со прекид во нашето работење, ја користам приликата

да поставам неколку актуелни прашања, во вид на пратенички прашања да ги поставам до Владата.

Најпрво би сакал да поставам неколку прашања врзани со проблемите со суштата за кои расправавме скоро пред Собранието по Информацијата во врска со која се произнесовме и до Владата Собранието ,даде конкретни заклучоци. Меѓутоа оттогаш помина подолго време а последиците на некој начин уште повеќе се влошија и усложнија.

Заради тоа до Владата ги поставувам конкретно следните прашања:

Кои мерки ги*има Владата преземено, односно мисли да ги преземе за ублажување на последиците од големата суша, посебно што во делот на претрпените штети од пролетните култури, пред се мислам на земјоделските култури, оризот, градинарските( култури и грозјето.

Исто така повторно сугерирам до Владата во делот на 'надоместокот на овие последици да се почитува дадената насока тој дел на партиципации директно да оди до индивидуалните производители. Во тој дел исто така треба да се има предвид и состојбата кај претпријатијата од земјоделието а посебно кај водостопанската работна организација "Брегалница" која што се сретнува со сериозни потешкотии во натамошното извршување на редовното производство.

Втората група на прашања се во делот на материјалната состојба на пензионерите, не од аспект ова прашање сега да го поставуваме за собирање на некои поени пред македонската јавност, меѓутоа очигледно е дека проблемите со материјалната состојба и животот на пензионерите во последно време доста се изостриja. Во тој контекст посебно загрижувачка е состојбата кај просветните работници, посебно поранешните просветни работници сегашни пензионери кои во извесен временски период кога отидоа во пензија личните примања беа многу

ниски, а меѓувремено со настанатите промени и високата инфлација овој дел на пензионери посебно додадена удар и во една посебна загрижувачка состојба, па од тие причини до Владата ги поставувам следните прашања:

1. Што размислува Владата да преземе за ублажување на последиците и заштитата на стандардот на пензионерите со ниски пензии.

2. За пензионираните работници поранешни просветни работници предлагам Владата да ја испита можноста за евентуално продолжување на Одлуката за определување на по<висок износ на пензии на корисници просветни работници, која што беше содржана во Одлуката "Службен весник на РМ" бр. 32 од 26.06.1991 година, во односна нејзино дополнување а во смисла на продолжувањето на важноста на примената на оваа одлука и во делот на можностите за проширувањето врз корисниците на оваа додатна пензија да бидат вклучени просветните работници кои што образовната дејност од 1944 до 1959 година. Мислам дека во тој контекст ќе се создадат можности за одредено ублажување на последиците на оваа категорија пензионери

И третото прашање е поврзано со доделувањето на зелените картони од страна на подрачните единици на Министерството за здравство. Зелените картони ги даваат единствено после извршувањето на уплатата на придонесот, односно после земањето на личните доходи. Со ова се прави еден голем неред во смисла на тоа што значаен дел од претпријатијата примањето на личните доходи го зема со извесно задоцнување. Меѓутоа тие уплати секогаш се редовни. Во тој контекст до Владата го поставувам прашањето:

Кој нареди и врз која основа е издадена наредба давањето на зелените картони да биде исклучиво после исплатата на личните доходи и тоа да се применува вака како да речам редоследно на сите кога во тој

контекст сите претпријатија не се во една таква состојба, односно има претпријатија и тоа значаен дел кои со повеќе месеци со неземени редовни лични доходи. Ова нешто се применува и кај претпријатијата каде што исплатата на личните доходи е редовна, меѓутоа со извесно задоцнување. Во тој контекст сугерирам Владата да ја преиспита оваа работа и да овозможи редовно доделување на зелените картони.

И последното прашање е врзано со изградбата на мостот на Злетовска Река на патот Кочани – Штип - Скопје. Прашањето до Владата е следно:

Кога започна градбата на мостот, кога мостот е предаден во употреба, кој беше изведувач на работите, колку чинеше изградбата на работите и од чии средства е изграден мостот, односно е вршено финансирањето. Ова прашање го поставувам од причина што изградбата на мостот траеше подолго од три месеци што е невообичаена работа и тоа во време на сезоната, а притоа настанаа значајни оштетувања на поголем број на корисници на возила и неколку сообраќајќи, токму од причина што организацијата и изградбата на мостот течеше нерегуларно. Барам на сите овие поставени прашања писмен одговор во што пократок временски период.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ештреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Прво прашање дали Владата на Република Македонија располага со можноста на пензионерите инвалиди зелените картони да им ги доставува дома а не по неколку пати да одат пред шалтери и пак да не се ®о можност да ги земат.

I/7.-

Второ прашање, една кратка информација, какви се мислењата на Владата на Република Македонија околу можноста во предвидениот рок да ги удоволи барањата на своите граѓани да го регулираат државјанството. Од образложение мислам дека нема потреба зашто според наши сознанија проблемот е доста сериозен и соодветното министерство мислам дека не ќе биде во состојба на граѓаните да им го реши ова прашање во предвидениот рок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Пред шест месеци поставив прашање до Министерството за урбанизам и сообраќај во врска со нови телефонски приклучоци во северниот дел на градот Кичево, бидејќи тие селани се многу заинтересирани за воспоставување ПТТ сообраќај, повеќе пати ме ангажира- ле, а јас тоа прашање овде на два пати го поставував и ден денеска немам добиено одговор, писмен одговор. Бидејќи во салата го гледам господинот министер за урбанизам Пешев, барам усно да ми се одговори каде се кочи оваа работа,или зашто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Развојот на ПТТ мрежата во Република Македонија е директно во надлежност на Јавното претпријатие за ПТТ услуги "Македонија". Прашањето е препратено до нив со сугестија да се од- говори на пратеникот. Оттогаш наваму немаме добиено одговор, а штом добиеме ќе одговориме. Во принцип развојот на ПТТ мрежата во Република

Македонија до формирањето на управните одбори во тие претпријатија. Според одговорот го чекаме од нив.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас морам да реагирам на она што го кажа господинот Пешев бидејќи тој јавно рече дека развојот е во надлежност на ПТТ со претпријатието, а не е во надлежност на неговото министерство. Тогаш поставувам прашање зашто постои ова ресорно министерство ко- га нема никакви ингеренции за вакви проблеми.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Основач на претпријатието е Собранието на Република Македонија до воспоставувањето на .управните одбори, ингеренциите во развојот, зборувам, на ПТТ мрежата потпаѓа исклучиво на управниот одбор на претпријатието кое е формирано од внатрешни членови. До формирањето на управниот одбор во кој ќе бидат членови делегирани од Владата и заинтересирани кај корисници, одговорот на ова прашање ќе мора да го добиеме од претпријатието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Имам сознанија дека во Управата за царини во Битола се блокирани некаде околу 170 лесни возила значи коли купени во Албанија со регистрација во албански градови, а купени од страна на граѓани од Македонија, но блокирани во согласност со некое упатство од Министерството за финансии или Министерството за внатрешни работи, но во секој случај со асистенција на органите за внатрешни работи.

I/9.-

Заради тоа поставувам прашање:

Прво, според кој пропис се одземени и блокирани тие возила во Управата за царини во Битола.

Што се причините за таквото блокирање, што е преземено за враќање на таквите возила на сопствениците кои тие возила ги купиле и ги регистрирале во Албанија во согласност со нашите прописи и со прописите во Албанија како возила што се користат за извршување на работи на мешовити фирми. *

II/1.- ПЈ-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е повеќе како ургенција за одговор.

Господин Анастасовски:

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Едно прашање само ќе поставам и едно дополнително мало прашаше. Овие десет дена патував од Демир Хисар до Битола и се враќав од Прилеп за Скопје. Верувајте ми дека сите планини горат и тоа горат најповеќе прилепско и велешко. Што е најинтересно, тоа се обраќам до министерот за земјоделство и шумарство, горат шумите не одоздола нагоре, туку горат од горе на долу. Тоа е нешто кое е многу интересно. Што е најважно не видов никој шумар да интервенира. Во тие места изгледа се отселени, нема народ не живее и не може да направат интервенција. Барам од министерот за шумарство и земјоделство да ми одговори дали тие имаат некоја информација дека е фатен некој виновен и причината зошто гореа шумите. Тоа е првото прашање.

Второто прашање, едно потпрашање, јас разговарав некни со господинот министер, а тоа го бараат повеќе пензионери спортски рибари. Има дадено една забрана до крајот на месецот Положбата на реките ги знаеме наводите воопшто, меѓутоа, треба да имате предвид дека спортските риболовци и старите рибари пензионерите тие одвај чекаат да .излезат таму и да го поминат времето, зашто утре ќе фатат снеговите и полека ние се требиме, умираме, а одиме таму да поседиме еден саат или два крај реката, другиот ден докторите ќе не испратат. Затоа ве молам од тоа место министерот за земјоделство и шумарство, во тој домен е тој, има служба една таква од 1 или други ден да го пушти тој спортски риболов. Еве зашто. Затоа што настанува поголема штета .

Тие криволовци да ги наречам кои употребуваат мрежи и други средства сега се слободни да дејствуваат во сите реки. Нема ниеден рибар стар таму да седи покрај реката комотно, ја фрла мрежата итн. Е, тоа е едно прашање од страна на рибарите. Ако сака министерот за земјоделство и шумарство нека ми одговори на тие две прашања, друго ништо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот министер Ефтим Анчев.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Господа пратеници, проблемот со пожарите оваа година, особено е изострен и тоа е апсолутно точно дека ние оваа година и поради сушата имаме зголемен број на пожари. Ситуацијата е најтешка во прилепскиот регион. Овие констатации што господинот Анастасовски ги истакна горе-долу држат. Ние имаме комплетен увид од надлежноста што ја има нашето Министерство, има разни претпоставки за причините. Една од причините е сушата. Се слушаат дури и разни кажувања дека има дури, тоа и во штампата сте го прочитале, и намерни подметнувања на пожари, што јас го ценам како многу опасно, меѓутоа, тоа е во надлежност на министерството за внатрешни работи. Јас за тоа не би можел ништо посебно да коментирам по таа материја . А, исто така, и утврдувањето на причините за пожарите е во надлежност на Министерството.

Шумските стопански организации се должни да вршат активности и да преземаат активности за гасење на пожарите и тоа го чинат. Постојано нашите инспектори се на терен и мислам толку колку што се се нашите надлежности го правиме.

II/3.-

Второто прашање е во врска со забраната на риболовот, веќе, повеќе од два месеци ние забранивме спортски риболов во реките што е во склад со ингеренциите што ги имам јас како министер, односно Министерството, забраната трае уште денес, а оваа забрана ја донесовме поради огромната суша, немање вода по реките и колку - толку таа биотска потенцијална рамнотежа ја одржиме. Веројатно, од утре ќе биде дозволен спортскиот риболов, иако состој бата воопшто не е подобрена. Би требало уште 15-тина дена да забраниме, меѓутоа, веројатно од утре ќе го дозволиме риболовот.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Моето прашање е упатено до министерот за урбанизам градежништво ако може усмено да одговори, а е во врска со патот Берово - Струмица кој што стана историски по тоа што влегуваше во пет петогодишни планови и конечно кога од 19 91 година влезе во изградба, оваа година беше предвидено со програмата да се пушти во функција. Со оглед на тоа што имаше многу проблеми со набавката' на материјали, битумен до се друго што е потребно, имаше голем број на тешкотии, се очекуваше во втората половина на оваа година патот, согласно програмата да биде пуштен. Меѓутоа, имаме информации, заради тоа што го градат две организации, кај едната има потешкотии, и најверојатно во тоа се состои прашањето дали ќе одговори на обврските спрема договорот и дали воопшто согласно програмата патот Берово - Струмица ќе се пушти 1993 година со заобиколницата околу рудникот Огражден.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Патот Берово - Струмица е во завршна фаза и оваа година ќе се пушти во употреба на 10 октомври. Заобилазницата веќе е во фаза на градба, меѓутоа, завршувањето на заобилазницата ќе биде направено во текот на програмата 1994 година. Сега патот ќе биде пуштен без таа заобилазница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ферит Садику.

**ФЕРИТ САДИКУ:**

Во селото Скудриње- Гостиварско, кое брои околу 200 куќи односно семејства, нема амбуланта. Јанблсиката амбуланта која се наоѓа во село Ростуше е оддалечена околу 8 километри. Прашањето го поставувам до ресорното министерство односно Министерството за здравство дали планира во ова село да се изгради амбу,ланта. Одговорот го барам по писмен пат.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Поради познатите настанати состојби во бивша Југославија патот на делот Девебаир – Скопје - Кафасан односно Блато посебно на деловите Скопје - Тетово и Маврово - Дебар постанува многу тесен.

Поставувам прашање до Владата, што презема Владата односно надлежното министерство за надминуваше на оваа состојба на релацијата Скопје - Тетово и Маврово - граничен премин Блато. Молам за писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Молам да ми се одговори на следното прашање . Што презела Владата и што мисли да преземе во рамките на нејзините надлежности за пласманот на јаболката од реколтата 1993-1994 година.

Молам да ми се одговори по писмен пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас исто така имам поставено пратеничко прашање дури пред 4 месеци. Немам одговор, па користам прилика, пошто ги гледам двата ресорни министри, министерот за правосудство, Туше Гошев и министерот за урбанизам и градежништво да ми одговорат. Пошто барав во писмена форма до сега 4 месеци поминаа, не добив одговор, па сега само кратко ќе го образложам прашањето и ќе барам усмен одговор,бидејќи и двата министри се присутни овде. Се работи за пратеничко прашање чија основа е дали при продажба на општествени станови се водело сметка за почитување на основните одредби на член 67 и 68 од Законот за станбени односи, за кој гледам сега во дневен ред нудиме некои измени со"Предлог на закон за измени на Законот за станбени односи. Овие два члена знаеме дека го регулираат правото за стекнување и губење на станарско право. Мене ме чуди зошто досега не добив одговор, заради тоа што во прашањето убаво таму стои, прашувам каква е улогата на јавниот правобранител, а и на ресорното министерство за урбанизам и градежништво и оочувување на оваа државна имовина како што се општествените станови. Зашто, постои основано сомнение дека овие два члена од Законот за станбени односи не се почитувани, така што се случи голем број на лица кои ги освоија "општествени  станови" а немаа право заради тоа што земале кредити за станбена изградба, граделе семејни куќи, дури купиле и други станови сопствени, а пак од оваа небрига на Министерството за правосудство и Министерството за урбанизам и градежништво дојдовме во ситуација таквите луѓе кои по закон би

требало да го загубат станарското право, си ги купија становите и сега ги продаваат за багателни цени. Па, во корист на присуството на двата министри, молам да ми објаснат во што е прашањето.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почтиувани пратеници, овде станува збор дефакто за две прашања. Едно е губењето и добивањето на станарското право. Второто прашање е имање на право за купуваше на општествениот стан по Законот за продажба на општествени станови.

Што се однесува до членот 67 и 68 од Законот за станбените односи кажува кои можат да стекнат станарско право на стан. Доколку стојат оснрви некој да го изгуби станарското право на тој стан има соодветна постапка која е предвидена согласно законот за станбените односи и пред надлежниот суд таквиот договор заклучен со Самоуправната интересна заедница за становање да биде раскинат. Тоа значи дека ако никој не живее подолго од 6 месеци во тој стан, ако располага со сопствена куќа која ги задоволува потребите, ако има друг општествен стан, кој стан дефакто го губи станарското право првото, затоа што не може . да има еден граѓанин две станарски права на два општествени стана.

Што се однесува за продажбата на општествените станови како прејудициелно прашање или основ за купување на тој стан е да некој граѓанин има станарско право. Заради злоупотребите во купувањето дали некој ги исполнува условите да го купи станот или стојат повеќе основи, едниот основ е што секој граѓанин дава заверена изјава во судот, пред Основниот суд каде се заверува договорот дека не располага со друг стан и дека нема друг општествен стан по своја материјална и кривична одговорност.

II/7.-

Втора предвидена со законот јавниот правобранител на Република Македонија по службена должност во рок од 6 месеци покрене постапка по службена должност за раскинување на таквите договори пред надлежните судови каде ги заверуваат договорите. И тоа да кажам дека граѓанинот и тука одговара и материјално и кривично доколку дал лажна изјава за заклучување на таков договор, а и јавниот правобранител во таа вонпроцесна постапка во рок од 6 месеци да го раскине таквиот договор. Тоа е одговорот на ова прашање.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Немам дополнително прашање туку во врска со ова прашање. Не сум задоволен од одговорот. Ќе молам да ми каже јавниот правобранител колку досега такви чекори преземал за да го оспори тоа право. А знаеме дека има милион такви примери .

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Досега околу 4,5 илјади станови се прогласени за сомнителни или немаат основ да го откупат станот, а поднесени се барања. Тоа значи река не е мала бројката на становите за која е установено дека има проблеми за докажување на станарското право. Таа маса на станови моментално секој поединечно ќе биде или на судски спор да се докаже станарското право за оние за кои не знае комисијата да го работи предавањето на становите, а за кои ќе сигнализира некој од граѓаните, автоматски се поведува постапка. Јас мислам ако има такви случаи повелете Комисијата со задоволство ќе ги разгледа.

**ВЛАДИМР РГОЛУБОВСКИ:**

Прашувам дали господата пратеници од коалицијата ќе имаат желба ваквите прашања да ги постават на својата Влада на одделна работна средба или има договор меѓу Владата и нив да дадат еден нов

сјај на македонскиот парламент во стилот на англискиот парламент. Ве молам за разбирање, ако веќе собравме некој форум да работиме, многу чудно е што го повративме институтот на пратенички прашања. И покрај итноста и најавата за она што треба да расправаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

До Владата на Република Македонија ги поднесувам следните пратенички прашања, за кои барав писмен одговор.

Општо познато е дека пред девизниот инспекторат во Скопје се води постапка прекршочна према многу граѓани на Република Македонија. Моето прашање се однесува на следното, барам извештај за 5 години station наназад за примените и решените пред- мети по годините, со тоа што во извештајот да се покаже и за нерешените предмети , кои досега не се решени и од кои причини. И за нерешените предмети кои треба да сноси одговорност.

Второ прашање се однесува , господинот Биљаљи Исмаил од Скопје пред три четири месеци пред Владата на Република Македонија штрајкуваше со глад. Причината беше незадоволство од решавањето на неговите кривични пријави од страна на надлежните судови на РМ. Јас и господинот пратеник Шабан Превала разговаравме со него и успеавме да го убедиме да не штрајкува со глас. Моето прашање е, по негова приватна тужба заведена уште во 19 89 година пред Општинскиот суд I, се води кривична постапка против високи функционери на МВР -Скопје. Меѓутоа, досега тој предмет не е решен. Тој се однесува до 1989 година. Освен тоа по службена должност надлежниот јавен обвинител спрема

истите лица води кривична постапка за скоро исто дело. Па, барам Министерството за правосудство да се ангажира овие предмети да добијат што поскоро свој епилог.

Трето, иако некои од моите колеги досега неколку пати поставиле слично прашање, јас ќе го поставам од мој аспект. Не е спорно Законот за државјанство на РМ беше изгласан од ова Собрание без учество на пратениците Албанци.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ**: (продолжение)

Не е спорно дека предлогот на Владата на Република Македонија беше усвоен од страна на ова Собрание. Тогаш надлежниот министер и Владата одговорија во предлогот дека со толкави средства, со толкави материјални средства и луѓе ќе можат да излезат во пресрет и да ги решаваат овие барања во законски дозволениот рок Сведоци сме дека поднесените барања и за поднесените барања се чека повеќе и од четири месеци. Дали ресорниот министер и неговите соработници се чувствуваат морално одговорни за незаконското постапување и дали размислуваат работите на друг начин да ги организираат.

Четвртото прашање се однесува на Собранието на Република Македонија. Пред три четири месеци барав мојата дискусија да ја изведам на мој албански јазик. Тогаш, од страна на претседателот ми беше одговорено дека таква можност постои во деловникот за работа на ова Собрание. Меѓутоа, претседателот збунет тогаш не беше во можност да ми обезбеди можност да се искажам. Па за идната седница би молел, дали претседателот на Парламентот се чувствува одговорен, ако не морален да може за идната седница да ми обезбеди начин како да дискутирам на ;свој мајчин јазик.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувана господо, до Владата на Република Македонија го поставувам следното прашање: Со блокадата на Сојузна Република Југославија македонското стопанство има огромни штети. Го скратувам прашањето. Кој мерки и што презема Владата на РМ да ги надокнади односно компензира штетите на македонското стопанство, бидејќи македонското стопанство нема да може ако штетите

не се надокнадат или компензираат, понатамошното производство, како технички финансиски така и производни проблеми што ги има стопанството македонско, мислам Владата"да ми даде одговор во писмена форма, на кој начин и како: да се ублажи оваа состојба.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да го поставам следното прашање: На голем број граѓани од соседна Република Србија на кои децата им живеат во Крива Паланка во текот на оваа сезона им е одземена жива стока која е пренесена за нивните деца на начин како што тоа е и досега правено. Меѓутоа, со образложение дека се работи за криминални дејствија што се пред се преземени и дадени се во трговската мрежа со давање на соодветни потврди, мотив дека е направен граничен прекршок. Молам надлежното министерство да даде точен одговор дали е тоа со прописите така регулирано, дали се работи за криминал или не. Тоа е едно прашање на кое барам во најкусо време да ми се даде одговор.

Второ пред повеќе месеци поставив прашање , има голем број земјоделски фамилии од Крива Паланка кои непосредно по ослободувањето на одредени парцели на кои и денеска плаќаат и за цело време плаќаат даноци е вршено всадување на шуми на кои денеска веќе се во состојба да се врши експлоатација, а која од страна на шумското претпријатие потенцирано се експлоатира додека поседниците на нивите за кои се плаќа порез не им се дозволува користење. Има и случаи каде што и самите граѓани не само што плаќале за цело време порез туку и тие вршеле усадување и на тие делови на земјиштето таа шума не се дава од нивна страна да се експлоатира, додека, кажува од шумското претпријатие се врши потенцирана експлоатација. Ова прашање го поставив повеќе од 6 месеци немам одговор, а има притисок

од граѓаните што мислам дека не е само случај во Крива Паланка, и молам да ми се одговори под итно.

Благодарам.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Имам две прашања до почитуваните господа од Владата на Република Македонија..

Првото прашање се однесува за водоснабдувањето во Арачиново, незнам да кажам дали село Арачиново или приградска населба затоа што е едно од најголемите села во Македонија, а нема водоводна мрежа. Таму учат 1500 ученици во училиште каде им пишува на самата врата "забрането е да се пие вода". Па прашањето би било вака: Дали Владата на Република Македонија подготвува некаков проект за изградба на водоводна мрежа за Арачиново и молам усмено да ми се одговори ако може.

И, второто прашање, гимназијата Зеф Љуш Марку е единствената гимназија е единствената гимназија која после земјотресот од 1963 година нема изградено односно за Зеф Љуш Марку нема изградено училишна зграда. Знам дека се обавени некои разговори, но барам одговор исто така од Владата дали се планира да се изгради училишна зграда за гимназијата Зеф Љуш Марку.

Молам, и давата одговора да бидат усмени затоа што мислам дека веќе за ова и се разговарало.

Благодарам.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Со Буџетот за оваа година беа предвидени многу малку средства за регионалните водоводи во Република Македонија, тоа во вредност од

околу 800 илјади германски марки. Сите оние барања што беа доставени до Министерството беа вклопени во Програмата за оваа година и по приоритет беа разделени. Такво барање не постоело предлагам да тоа барање биде доставено до Министерството за да влезе во Програмата за следната година за доделување на регионалните водоводи за да биде■вклопено со -онолку средства со колку ќе има можност во. Програмата. Инаку што се однесува до градбата на таа работа таа е во надлежност на Министерството за образование. Тоа треба да поднесе барање за локација, локалитет ако има таква потреба и како цени дека тоа е нужно. Од аспект на урбанизам наше е да сугерираме на кои локации може да се гради. ; .

**ПЕТАР ГОРЃИЕВ:**

Моето прашање го упатувам на Министерството за стопанство и тоа во контекст на штетите кои што се на станати, евидентни, во стопанските субјекти со примена на Резолуцијата на Обединетите нации 820 и тоа не во делот на преземање на мерките туку во утврдувањето на штетите. Доста стопански субјекти посебно раководствата ќе поставуваат прашање за самите штети и она што е веќе состојба во самите субјекти и утврдување на нивната одговорност во делот на штетите. Дали Владата односно Министерството за стопанство има или подготвува методологија врз основа на која :ќе се утврдат штетите бидејќи сега се јавуваат разни бројки кој што најверојатно се надвор од некоја методологија и дали доколку таква методологија биде изготвена таа ќе биде меродавна или така утврдените штети ќе бидат меродавни доколку дојде до одредено покривање односно со одредени мерки за елиминирање односно за надокнада на тие штети сразмерно на нивното настанување.

III/5.-

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Иако прашањето е упатено до Министерството за стопанство тоа практично се однесува на целата Република и вкупното стопанство како што е индустријата, земјоделството, сообраќајот, а и другите општествени дејности. Познато е дека во Републиката престојуваше мисија на ЌЕБС. Таа имаше задача по нивна методологија да пристапи кон утврдување на висината на штетите. По утврдувањето на оваа методологија ќе се пристапи кон утврдувањето на висината на штетите на секој субјект посебно. Таа активност е во тек и сите стопански субјекти, аи другите стопански субјекти во Републиката ќе бидат во можност по таа методологија да ги презентираат своите штети

По изготвуањето на овој извештај ќе биде запозната и светската јавност, а и Собранието на Република Македонија.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Случајот на судијата Маринчевски е познат во јавноста, него го публикуваа и средствата за јавно информирање, но моментално постапката е во фаза на покренато обвинение. Прашањето гласи Бидејќи според член 100 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија судиите уживаат имунитет, а за имунитетот на судиите одлучува Собранието, дали ова Собрание му го има одземено имунитетот на судијата Ристо Маринчевски во кривичната постапка што се води против него. Барам одговор да ми се поднесе писмено.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

До Министерството за градежништво урбанизам и екологија. Со прашањето сакам да го потсетам Министерството дека Дримколскиот крај во општината Струга е ридско -планински предел и пограничен.

Меѓутоа, дол период, да не речам од ослободувањето до денес не е решено прашањето за водоснабдување на селата Подгорци, Лабуништа, Боровец и Луково. Овие предели се пренаселени и не само ова лето кога беше сушна година туку подолг период се чувствува голема потреба, недостаток поради ова нерешено прашање, а во тие локали- тети постојат можности за решавање на ова прашање односно и навода.

Второ прашање исто до Владата може да се рече, бидејќи со новиот Закон за претпријатијата, а именуваат директорите во Електростопанство исто така овој крај така наречен Долни Дримкол има проблеми со струја односно има само еднофазна струја и воопшто во тие населби нема двофазна струја и со тоа е попречен развојот на овие населби.

Истото прашање пак се однесува до Владата, а и лично сум барал до ПТТ Македонија за инсталирање на телефонска мрежа во овој крај бидејќи многу е оддалечен од радот Струга и има огромни потешкотии во комуникацијата особено при итни случаи во секторот на здравствена заштита. Ова прашање гледам и овде е поставено отворено меѓутоа ми се чини мерки и активности е се преземени да се ублажи ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмен одговор да добиете? Писмен. Добро.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, кога после двомесечна блокада на Собранието и утврден дневен ред од 40-тина точки утврдивме дека приоритетно е да има пратенички прашања на оваа седница, еве и јас едно да поставам кое мислам дека навистина е приоритетно. се однесува до Владата и ме интересира зошто досега не е

именуван директор на агенцијата за трансформација на претпријатијата а со оптштествена сопственост како и управен одбор и кога мисли Владата да го именува.

Благодарам.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Имам пратеничко прашање до министерството за урбанизам.

Еден дел од граѓаните на мојата изборна единица поведоа пред два три месеци постапка пред Уставниот суд оспорувајки ја бензинската пумпа која се наоѓа во локалитетот на фабриката Алумина. Како што ми е мене познато Уставниот суд донесе Одлука со која го стопира 'понатаму мошното работење на оваа бензинска пумпа, меѓутоа таа сеуште егзистира. Прашањето ми е, зошто не се почитува Одлуката на Уставниот суд.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Околу бензиската пумпа на Алумина за која се водеше расправа, тоа една од оние 40 нови бензински пумпи кои во Републикава се направени во изминатиот период. Се работи за бензинска пумпа за која ова Министерство тврдо стои дека не ги има пречекорено овластувањата и се спрема да поведе повторен спор пред Уставниот суд бидејќи цениме дека наодите на Уставниот суд во дадениов случај се однесува; само на мал дел на тротоарот кој се наоѓа пред бензинската пумпа.

Што се однесува до самата Одлука нашата Одлука е повлечена врз база на иницијативата на Уставниот суд. према тоа субјектот е тој кој што треа да го затвори објектот. Инаку, пумпата е дозволено да функционира како внатрешна пензиска пумпа. Значи, за внатрешни интерни потребни на фабриката. Спорен беше влезот и излезот во пумпата кој го нарушил сообраќајното решение на улицата која била мала. Според тоа, тоа е тоа што е проблематично во дадениот момент,

значи субјектот треба да го затвори со жица тој влез и излез.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Марковска има процедурално прашан>е.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Процедурата е поврзана со прашањето. Ме интересира како може претставник на Владата да бара одговор од претставник на Владата односно во кое својство во овој случај директорот на јавното претпријатие Ајродроми го постави прашањето до. министерот, својот и надлежен министер господинот Пешев и зошто досега со оглед на двојството на извршната и законодавната функција не се распишани избори на тоа изборно место.

**ЗОРАН ЌРСТЕВСКИ:**

Бидејќи усмено ми беше одговорено имам право да соопштам дали сум задоволен од одговорот. Од одговорот не сум задоволен. Задоволен сум од делот на прашањето што Министерството за урбанизам направило. Меѓутоа, како правната држава функционира не сум задоволен и барам од субјект кој не е внатре во фабриката да изврши почитување на Одлуката на Уставниот суд, што значи инспекција или кој орган треба да се прати да се види.

За мојот статус овде како пратеник мислам нема причина да одговорам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи пратеничкото прашање е посебен институт, односно пратеничките прашања не се содржани БО ниеден дневен ред, јас сакам исто така да поставам едно пратеничко прашање и врз основа на членовите 35, 36 односно 39 од Деловникот за работа на ова Собрание барам одговор на ова прашање. Прашањето е следното: "Што има преземено Владата на Република Македонија, односно Министерството за односи со странство во врска со изјавата на дипломатскиот претставник на Република Албанија во Република Македонија кој со својата изјава дека Република Албанија се залага и бара албанското малцинство во Република Македонија да добие статус на народ, директно со такви едни искажувања се меша во внатрешните работи на нашата македонска држава, а знаеме дека еден производ од тоа директно мешаше на внатрешните работи, е и причината за неприем на нашата држава во ЌЕБС.

Бидејќи членовите од 35 до 43 во Деловникот за работа на ова Собрание предвидуваат и усмено поставени одговори на кои ќе се одговори на истата седница, барам да ми се одговори на истата седница затоа што разгледувајќи ги овие членови од Деловникот претпоставува присуство на целата Влада во македонското Собрание кога се поставуваат пратенички прашања.

Јас бев дециден и јасен. Барам да ми се одговори веднаш на ова мое поставено прашање. Треба да се почитува Деловникот бидејќи како претседавач сигурно го знаете деловникот ако не го знаете го имате секретарот, прашајте на кој начин може да ми се одговори или не може да ми се одговори и да излезе претставник на Влада по ова мое поставено прашање. Да не го девалвираме институтот пратеничко

прашање, затоа што повеќе од три години ова пратеничко прашање се девалвира во ова Собрание.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи немаше претставник на Владата кога се јави за збор, јас му дадов збор на друг пратеник. Инаку во текот на седницата ќе се одговори на вашето прашање.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи министерот за односи со странство е службено отсутен се: наоѓа во Њујорк, на првата наредна седница сигурно пратеникот ќе добие одговор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Лично јас излегов со едно пратеничко прашање. Имено, согласно одредбите 35 до 45 од Деловникот, заради почитување на самата институција пратенички прашања, неопходно е потребно да пристигнуваат пратениците на Владата кога се поставуваат пратенички прашања. Значи сакам да констатирам една повреда на деловникот и во институцијата пратенички прашања. Имено во таа смисла ќе произлезе и прашањето во печатот имаме една таква преписка меѓу министерот Туше Гошев и потпретседателот на Владата Ристо Иванов, во врска со случајот на судијата Ристо Малинчевски, кој што колегата Минов го изнесе. Користејќи ја можноста членот 35' и 43 од Деловникот за работа, кога е присутен соодветниот министер одговорот се дава веднаш по поставеното прашање, а не се бара итен одговор што ќе следи понатаму итн. Со други зборови, барам министерот Туше Гошев да одговори веднаш усмено по прашањето дали постапката што е водена е согласно Законот и дали му е одземен имунитетот на судијата.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, што се однесува до коресподенцијата меѓу мене и потпретседателот на Владата тоа е во рамките на Владата и не е во никакви ингеренции со Собранието и тоа беше на едно поставено прашање, а јас дадов одговор.

Што се однесува до водењето на постапките пред Судот согласно член 98, од Уставот на Република Македонија, кај нас власта е поделена на три власти и тоа на законодавна,извршна и судска. Во своите ингеренции позитивни законски прописи во водењето на процесната постапка, судот е слободен во водењето на постапката.

За запазување на законитоста во водењето на постапката го имаме инстанционото судење, ако странката не е задоволна од преземените ингеренции на судот, од донесувањето на актите, почнувајќи од решение, па со до обвинителен предмет има право согласно на Законот за кривична постапка да поднесува жалби и во инстанционото судење да се запази таа законитост. Јас на потпретседателот на Владата уште вчера му одговорив на неговите барања и сметам дека во оваа постапка ние немаме никакви ингеренции да се мешаме, а постапката пред надлежниот суд за водење на кривично дело по член 180 за примање и давање на поткуп е во постапка на покренато обвинение и расправата ќе се води пред судот. Секоја странка во една контрадикторна постапка ќе докаже дали е правилно обвинет или не, а одлуките кои ќе ги донесува на судот, по жалбената постапка на повисоките судови да се истера правдата до крај. Само во таа строга форма на процедура која ја предвидува законот за кривична постапка и ништо повеќе.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Министерот Туше Гошев се обиде да не одмине. Прашањето што се поставува во својата основа е кој одлучува за одземање на

имунитетот на судијата. Она што се случува што судијата Ристо Малинчевски, по кажувањето на вашиот министер може да му се случи и секој од вас овде пратеник да му се одземе имунитетот и без имунитет да се води постапка и да следи било ваква или онаква кривична постапка.

Дали може во оваа држава да се води судска постапка на лице кое што има имунитет. Во тоа е суштината на одговорот. За тоа сакам министерот да одговори бидејќи тој се искажа и признава дека има некоја кореспонденција како се изрази, меѓутоа имаше некои негови изјави дали имаа или нема водено постапка за одземање на имунитетот на судијата против кој се води кривична постапка. Мислам дека многу е јасно прашањето.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас и на почетокот реков дека строго формалната процедура на водењето на постапката е во надлежност на судот. Ако судот го погрешил Законот и обезбедил да му се одземе имунитетот за да почне постапката, тоа ќе биде согласно 354 битни повреди во одредбите на процесната постапка и сите пресуди кои ќе бидат донесени во врска со оваа работа ќе немаат законски основ и ќе паднат. А да кажам и тоа дека во одредени случаеви согласно Законот во редовните судови, доколку се однесува за кривични дела за кои можат да бидат изречени казни повеќе од пет години, тогаш: и не важи одредбата за заштитен имунитет. Сигурно за тоа судот водел сметка и ја спазил формалната процедура во водењето на самата постапка. Доколку не ја спазил тоа е основ како ; битна повреда во одредбите за кривична постапка да му падне таквото обвинение таквата пресуда.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Според деловникот на пратеничко прашање може да се одговори усмено или писмено. Јас барав за тоа да се одговори усмено. Останувам на тоа. Не се согласувам со министерот во врска со самостојноста и независноста на судството. Ние не можеме во таа сфера да го; користиме институтот пратенички прашања. Ние бараме одговор дали во однос на постапката, а сигурно дека Министерството тоа ќе си го побара, одговорот од надлежниот суд, дали е спазена одредбата на член 100 од Уставот на Република Македонија во став 1 и 2. Ништо повеќе.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас имам прашање до Претседателството на Парламентот. Ние 66-тата седница ја одложивме, поради итноста од донесување на овие закони што ги има во дневниот ред на 67-та седница. Прашање: Која 'е итноста што денеска наместо да се држи 67-та седница, да се донесат закони, ние поминавме на пратенички прашања.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Самите пратеници се тие кои одлучуваат, дали треба да продолжат или не. Ако се согласувате да прекинеме со пратенички прашања и да поминеме на дневниот ред. Меѓутоа, сеуште има пријавени кандида ти кои бараат да поставуваат пратенички прашања.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

За мене пратеничките прашања не се несериозна работа, само од нас зависи дали ќе бидеме конструктивни и рационални, а не да го злоупотребуваме она деловничко право за други работи.

Јас имам едно прашаше -до Владата односно до Министерството за внатрешни работи.

Во последните две години во реонот на струшката општина многу зачести криминалот, или поконкретно кражбите, со обивање на станови, куќи, дуќани итн. Реонското министерство за внатрешни работи се покажува многу неефикасно секогаш правдајќи се со недоволна соработка со месното население, иако има многу конкретни случаи кои зборуваат за обратното. Прашањето гласи: "Колку кражби, односно обивања на станови и деловни простории се извршени во последните две години, колку од нив се откриени односно која е таканаречената бројка на неоткриените.

Трето прашање што планира Министерството за внатрешни работи заедно со реонските единици да преземе со цел да ги спречи така големиот број кражби кои во последно време добиваат форма на организиран криминал, кој не застанува само на кражби туку веќе почнува и со убиства, како што беше убиството од минатата недела во селото Франго во Струшко.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Има прашање до претседателот на Собранието, жалам што не е тука да ми одговори.

Тргнувајќи од уставната определба на судската, законодавната и извршната власт во Република Македонија, односно согласно член 4 од Уставот на Македонија за неспоивост на функцијата пратеник со други функции определени со закон, во овој случај Законот за органите на управата, што сеуште е на сила во Република Македонија зошто досега бидејќи пратеникот Крстевски е поставен за директор на јавно претпријатие, односно со одлука на Влада е именува на оваа функција,

зошто досега не се распишани избори од неговата изборна единица.

Барам претседателот на Собранието да ми одговори кога ќе се врати на седницата усмеио, ако не кога ќе се врати на следната седница исто така усмено да ми одговори.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако коалицијата продолжи да и поставува прашања на Владата ќе се прашаме дали оние пратеници од опозицијата ќе седат, дали воопшто ќе продолжат да го одржуваат кворумот, на коалиционите партнери, бидејќи прашање е и сега дали има кворум во собраниската сала. Меѓутоа,. ќе поставам неколку прашања кои барам да ми се одговори усмено веднаш по поставувањето на прашањата.

Дали дописот на министерот Пешев за определување национален авиопревозник, е во согласност со Законот за концесија, доколку не е дали Владата мисли да утврди мерки на одговорност.

Второ. прашање дали е завршена постапката за определување на снабдувач на керозин на аеродромите и кому му е доверено снабдувањето.

Дали министерот за образование, има поднесено оставка и дали Владата мисли да преземе мерки на одговорност за хаосот и беззаконието што го воведе во образовниот систем во врска со пробивањето уписните рокови, на воведувањето национални клучеви, нарушеноста на нееднаквоста на граѓаните пред законите и посебно прашање дали во водењето на македонско - грчките преговори е повреден законот за склучување и извршување меѓународни договори и Законот за надворешни работи во смисла дека Парламентот е суспендиран според надлежностите утврдени во водењето на надворешната политика во овие два закона.

Барам да ми се одговори веднаш на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент. Некои прашања мене ми биле поставени од некои пратеници се разбира, можат да дојдат кај мене да ми постават, ќе им објаснам.

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Се работи за следното: Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија пред 20-тина дена испрати допис до сите пет регистрирани авио компании во Република Македонија со цел да доб! точна информација за состојбите во авио компаниите, со кој повика секој од авио компаниите поднесе елаборат и слика, односно краткорочна визија за тоа како би требало да изгледа превозот во случај да таа авио компанија го добие статусот на Флек ќериер. Флек ќериер ние лошо го толкуваме како национален превозник, а се однесува фактички на редовниот превовник на Републиката>:кој ќе треба да ја застапува, Републиката во сите оние меѓународни спогодби со кои државата ќе треба да влезе до крајот на оваа година. Бидејќи не е распишан конкурсот се работи точно за допис кој е испратен до авио компаниите и денеска до два часот секоја од авио компаниите ќе поднесе своја визи ја како размислува да го реши: проблемот на авио превозот во Република Македонија, се со цел да се види дали некоја од нив нуди квалитет на концепција за таа работа.

Што се однесува до пречекорувањата во Законот за концесија сакам да кажам дека се до оној момент додека авио превозот и редовните линии не бидат прогласени со закон како концесија, во тој однос немаме право да ги делиме како концесија. Би сакал тоа така да биде решено, меѓутоа тоа ќе биде решено со новиот закон и во овој момент цениме дека не се прекршени законите во таа смисла бидејќи

концесија не е поставена на редовните линии. Она што можам да ви кажам е дека околу оваа работа не може да се носи посебно решение, ако зад тоа не стои поглед на правничка елаборација и ценам дека оваа работа ќе застане една низа на компетентни правници која детално и внимателно ќе го оцени ова и ќе добиете и писмена информација, бидејќи таква информација е побарана од Владата.

Што се однесува до снабдувачот на гориво на скопскиот аеродром, тоа во моментот е во надлежност на Јавното претпријатие за аеродромски услуги. Македонија и до моментот на формирањето на Управниот одбор, тоа е чисто во една деловна одлука и мислам дека претпријатие треба да процени за таква работа. Она што се шперкулирае во јавните гласила тоа .е фактички писмото со кое го замолив јавното претпријатие да причека со таа одлука, затоа што ценевме дека е од важен интерес до концилирањето на управниот одбор.

V/1 ЈМ/ЛБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Гулистана Марковска;

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас го повторувам своето прашаше согласно член 55 од постојниот Деловник за работа на Собранието кој вели: делегатот има право да бара известување од претседателот на Собранието и од претседателите на соборите, како и од претседателите на работните тела на Собранието и на соборите за прашања ко се однесуваат на нивната работа во Собранието и на работата на телата на кои тие претседаваат. Со оглед на тоа што ова беше прашање кое се однесува на работата на Собранието барам известување од претседателот, се разбира доколку пратениците имаат исти делегатски права и ако нивните права не се скратени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира може да ми се обрати да бара известување, но не да ми поставува пратеничко прашање. И во пратеничките прашања тоа не спаѓа. Сама еве, увиде и тоа е добро.

Има збор Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, многу ми е драго што после 7,8 месеци се смилувавме институтот пратеничко прашање да го ставиме на дневен ред од причини што ова е нашата единствена можност како пратеници да комуницираме со Владата, односно извршната власт, поготово ние кои што сме пратеници од опозицијата, бидејќи денеска од пратениците кои ја поддржуваат коалиционата Влада не може да се дојде на ред да се постави пратеничко прашање.

V/2

Сметам дека согласно член 35 и 43 од Деловникот за работа мора да се обезбеди присуство на сите министри од Владата за да одговорат на нашите пратенички прашања. Овој институт е до крајна мера девалвиран пратеничкото прашаше и јас морам да им одадам признание на овие министри кои што сега присутни и кои што одговараат единствено тие на нашите пратенички прашања. Бидејќи моето прашање се однесува до министерот за внатрешни работи господинот Фрчковски, јас барам согласно член 35 и 43 од Деловникот за работа да се обезбеди присуство на именуваниот министер за да можам да го поставам моето пратеничко прашање.

**СТОЈАН АНДОВ**

Го известувам господинот Пановски дека за неколку дена, веројатно за наредната седница ќе биде тука господинот Фрчковски, тој е во странство заедно со својот заменик.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Во тој случај господине претседателе, има во Владата - премиер, има потпретседатели на Владата кои што го покриваат ре- сорот за внатрешни работи, има потсекретари, заменици на , барам да се обезбеди присуство на соодветен човек кој што ќе одговори на моето пратеничко прашање, поготово што ова прашање мое веќе на не- колку пати е поставувано до министерот за внатрешни работи и на перфиден начин се заобиколува да ми се одговори, ми се праќаат некои заобиколни одговори по писмен пат. Затоа барам во интерес на јавноста, бидејќи не се согласувам со писмени одговори, барам да се обезбеди човек компетентен •JJX Владата кој што го покрива овој ресор да ми одговори на моите пратенички прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во Владата тоа го покрива министерот .

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Има и претседател . Каде е претседателот

**СТОЈАН АНДОВ:**

И на претседателот ако сакате да му поставите прашање, поставете му, туку вие поставувате прашање до министерот за внатрешни работи.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Тогаш треба да се прекине седницата.

**СТОЈАН АНДОВ**

Повелете вие седнете си таму. Седницата не се прекинува за едно прашање.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Вие господине претседателе можете да се исмејувате колку сакате,но сфатете дека ова ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, вие со мене немате дијалог . Господине Пановски поставете прашање и ослободете ја говорницата."Вие сега немате дијалог со мене.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас барам од вас како претседател да обезбедите присуство

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви објаснив дека министерот е надвор од земјата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Па има заменици, има претседател на Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И заменикот е надвор од земјата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ;**

Значи целата Влада, сите се во странство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не целата Влада. Господине Пановски има важна меѓународна обврска и ќе разберете наскоро, во јавноста ќе биде тоа. Немојте така.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

И господинот премиер Бранко Црвенковски и тој ли е во странство?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. Вие поставувате прашаше до министерот за внатрешни работи.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бидејќи министерот за внатрешни работи не сака да одговори на моето прашање, тогаш јас сега моето прашање го насочувам кон премиерот, кон Бранко Црвенковски како претседател на Владата и барам негово присуство. Јас моето прашање сега ќе го поставам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе го повикаме претседателот на Владата понатаму да дојде. Сега ослободете ја говорницата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас ќе ја ослободам говорницата и ќе го поставам моето пратеничко прашање кога ќе биде овде присутен господинот Бранко Црвенковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, се договоривме.

Ве молам, известете го претседателот на Владата дека има барање да дојде на седницата.

Дали има уште прашања?

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници јас и во пратеничкото прашање укажав дека имаме навистина непочитувања на Деловникот. Оваа шеесет и седма

седница се одржува спротивно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија. Ќе поставам прашања во оној момент кога јас ќе оценам. Не водам дијалог, меѓутоа тие што довикуваат да знаат јас стално на говорницата го користам правото по членот 105 од Деловникот и претседателот сто пати ќе ми даде збор кога ќе поставам за деловничка повреда, а кој не го знае Деловникот може да уфрлува прашања од место. Тоа значи дека некои работи не ги познава, иако треба да ги познава како пратеник. Сакам да укажам исто така на една деловничка повреда, ќе ги кажеме бидејќи сега ги имаме повеќе се во врска со шеесет и седмата седница. Имено, незнам како претседателот го у.тврдил бројот на присутните на седницата. Ако ги почитува одредбите од Деловникот ќе требал да изврши прозивка . Од тука ние не знаеме колку пратеници имаме во оваа сала, а тоа е деловничка обврска да се утврдува присуството на седницата, а не кажи ми колку има лево, кажи ми колку има десно. Тоа е веќе не- сериозна работа. Кога ние како пратеничка група овде се искажавме дека нема деловничка можност да се држи шеесет и седмата седница тоа требаше да биде почитувано од претседателот.

Во договарањето после нашиот настап кога се повикавме на членот 97 од Деловникот дека нема основ за одржување на седницата, бидејќи не се исполнети условите од членот 97 став 1, во консултацијата целата македонска јавност го слуша дијалогот меѓу претседателот и секретарот и секретарот му одговара "во право е"

**СТОЈАН АНДОВ:**

За што вие сега зборувате?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Зборувам за спротивставеноста на членовите .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеничките прашања завршија ли?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас користам право од членот 105. Прочитајте го Деловни- кот во кој што се вели: "во секое време, во секој ..."

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа го знаеме, туку дајте што е приговорот.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Ова шеесет и седма седница покрај повредата на членот 97 има повреда и во членот 114 каде што се зборува за право на ставање на забелешки. Значи на пратениците е ускратено едно деловничко право, а тоа е ставање на забелешки на записникот. Кога сме веќе кај записникот ако ви е познат Деловникот доаѓаме до едно сознание дека записникот се доставува 8 дена пред почетокот на седницата. Не е сторено. Значи тука имаме повреда од страна на Претседателството во врска со шеесет и седмата седница. Понатаму ако некому не е јасно ќе кажам дека членот 152 од Деловникот е многу јасен дека нова седница почнува ако е завршена претходната седница. Претходна седница е шеесет и шеста. Доколку некој не може да сфати дека не може да се држи шеесет и седмата седница тоа зборува за еден неодговорен однос кон државата и неодговорност на коалицијата спрема македонскиот народ и држава. Квалитетот на одредбите што ги носи овој Парламент зависат токму од почитувањето на Деловникот. Во случајот имаме грубо непочитување на Деловникот од страна на Претседателството и сметам дека седницата треба да прекине и да продолжиме со шеесет и шестата седница во смисол како е закажана. Секое продолжување на шеесет и седмата седница го деградира Парламентот како таков. Оттука ние нема да учествуваме во тоа деградирање. Со други зборови имаме еден крајно некоректен однос со почнувањето на оваа седница бидејќи не се најде за

сходно да се праша каде е пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Во тој случај вината сметаме дека ја носи претседателот на Собранието и за таквиот негов неодговорен однос најверојатно ќе уследи наша интервенција. Сметам дека шеесет и седмата седница не може да продолжи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За интервенцијата кога ќе уследи, тогаш. А сега сакам да ви кажам дека јас обавив разговор со господинот Стефковски, му ги изложив причините мислам пред два .дена е, за тоа зошто треба да ја држиме сега шеесет и седмата седница. Толку можам јас да објаснам, не можам поединечно секој да го викам од пратеничката група.. Со тоа си е повикана пратеничката група како секоја друга.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Имам деловничка забелешка. Без разлика господава од оваа страна колку ќе галамат, тоа е нивното воспитание, јас сакам да се повикам на членот 105, односно имам деловничка забелешка..Бидејќи одредбите во членот 66 од Уставот се дицидно јасни, односно Собранието е во постојано заседание и работи на седници. Тоа сите го заеме. Во членот 96 од -Деловникот стои дека седниците ги свикува претседателот на Собранието и тоа е неспорно. Членот 97 го регулира прашањето за рокот за испраќање на покани до пратениците најмалку 15 дена пред денот на одржување на седницата со предлогот, односно решението за дневниот ред. А во членовите 98 и 99 е предвиден начинот за утврдување на дневниот ред. Во членовите со кои се определува текот на седницата и тоа го имате, верувам дека многу од вас не го познавате Деловникот за работа, односно во членот 114 се пред- видени одредби за ставање забелешки на записникот од претходната седница. Ова го подвлекувам "од претходната седница". И по усвојување на дневниот ред член 116 се преминува на претрес по одделни прашања

според редот утврден со усвоениот дневен ред. Значи според редот. Што ни се случува на нашиве седници? Имаме прескокнување од една на втора, на трета итн. Тука исто тоа е повреда на Деловникот. Во одредбите на Деловникот што се однесуваат на записниците од седниците член 151, 152, 153, 154 децидна е одредбата во членот 152 и ја цитирам.: "записникот им се .испраќа на сите пратеници најдоцна 8 дена пред денот определен за одржуваше на наредната седница". Оттука произлегува дека седницата не може да започне ако не е испратен записникот до претходната седница в^> погоре цитираниот определен рок, односно 8 дена , односно записникот и со забелешки кои се усвоени и без забелешки се смета за усвоен, а потоа се поминува на утврдување на дневниот ред. Од погоре изнесеното произлегува дека Претседателството односно во случајот претседателот не може да закаже нова седница ако претходната не е завршена и за нејзе не е изготвен записник, односно според членот 116 од Деловникот по усвојување на дневниот ред, да повторам , се претресуваат прашањата по утврдениот редослед се до завршување на дневниот ред. Член 117 од Деловникот: на седницата се претресува секое прашање што е ставено на дневен ред. Ви цитирав дел од тој член 117. Значи четириесет и првата, четириесет и третата, педесет и третата, шеесет и шестата итн. се седници кои се прекинати спротивно на одредбите на овој деловник по кој работи ова Собрание. За излез од ова непочитување на Деловникот предлагам Комисијата за деловнички прашања и Претседателството на Собранието да одржат заедничка седница и да најдат начин да се почитува Деловникот. Ако не се спремни пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е спремна да им даде совет, а излез постои, господа да ви кажам, затоа што ова Собрание како законодавна власт во Република Македонија ако својот основен акт а тоа е Деловникот за работа на ова

Собрание не си го почитува затоа имаме случаи во оваа македонска држава, Владата, односно одредени ресорни министерства да не ги почитуваат законите кои се на снага се додека не се изменат, тоа во секоја држава е така. (пратеникот Горѓи Бојковски дофрлува од место )

Ќе завршам господине Бојковски, знам дека вие како тоталитарист, односно бивш болшевик сте навикнати на тоа. И затоа да ви предложам господа, дека во оваа држава не се почитуваат за- кони и затоа немаме прибирање ниту на давачките, ниту на даноците итн., затоа што ова Собрание не си го почитува својот основен акт а тоа е Деловникот за работа на ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави Михаил Пановски.

Дали имате деловничка интервенција?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Не. Имам пратеничко прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Пановски ако немате деловничка интервенција не ви давам збор. Пратеничките прашања ги завршивме.

Ве молам напуштете ја говорницата. Ќе добиете збор кога ќе дојде претседателот на Владата, ќе направиме моментален прекин и тогаш поставете го пратеничкото прашање.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ќе овозможите повторно да се навратиме на пратеничките прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да. Тоа јас го реков. Кога ќе дојде претседателот на Владата или министерот ќе ви овозможиме да го поставите прашањето.

V/10

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точка 1** - Предлог за донесување на закон за продажба на деловни згради и деловни простории во Републиката.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на Законодавно правната комисија, Комисијата за градежништво и урбанизам и забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски в« се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес

Молам кој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, само неколку збора би рекол во врска со свој закон. Со донесувањето на Уставот на Република Македонија општествената сопственост го изгуби својот материјален основ за да постои . Согласно на членот 7 од Уставниот закон каде се кажува дека ќе се донесе законот за трансформација на општествената сопственост тоа значи дека толкувајќи во духот и содржината на Уставот мора да појдеме од разрешувањето со проблемот на општествената сопственост. Со донесувањето на Уставот како првобитно прашање се поставува реформирањето на сопственичките односи на РМ која неминовно ги детерминира како економските односи во Републиката, исто така и општествено политичките односи.

VI/1. -СП/МЛ

**ТУШЕ ГОШЕВ;** (ПРОДООШЕНИЕ)

Овој закон во духот на поништувањето на општествената сопственост како комплементарен од точката 31 каде предлагаме СИЗ-овите да се поништат и да создадеме материјално правни и процесуално правно постапка за трансформирање на општествената сопственост, овој закон го поднесуваме од формалната страна како предлог за донесување на закон кој ќе ја регулира материјата на начинот и постапката за продажба на деловни згради и дефинира кој е тој деловен простор кој ќе биде предмет за продажба. По овој закон, изземањето нас деловниот простор кој треба да биде иземен од продажба на тој деловен простор, утврдувањето на почетната цена за продажба на деловниот простор првенствено право ва учество во купувањето на тој деловен простор, начинот на утврдувањето на цената, начинот на плаќањето на цената според условите кој треба да се постигнат од законот, а тоа е од продажбата на деловниот простор сите средства единствено ќе бидат наменети за намирување на штедните влогови на граѓаните во РМ, а со тоа и остварување на програмата аз враќање. на штедните влогови на граѓаните во Републиката и како последно прашање со донесувањето на едногодишната програма, Владата предлага овој процес да не биде хаотичен, туку да трае со едногодишни програми кои ќе ги донесува Владата за да може, од една' страна да се запамети правата вредност на деловниот простор кој ќе се продава спрема условите на пазарот, а исто така да ги заштити сите оние работници кои работат во општествените претпријатија кои ги имаат тие деловни простори од моменталното продавање на тој деловен простор за да луѓето не останат без работа. Владата на РМ со донесувањето на една годишна програма за продажба на тој деловен простор ќе ја регулира и на најбезболен начин да го реши. ова прашање.

Уште на почетокот реков дека тоа е комплементарен закон со законот за стопанисување со деловен простор на РМ што е точка на дневен ред на Собранието на РМ на оваа седница и предлагаме на Собранието, согласно деловникот за работа, овој закон да го усвои во две постапки, денеска да ја утврди потребата за донесување на: закон како предлог за донесување на закон и сите ваши видувања кои ќе бидат искажани во врска со<>предложениот закон ќе бидат вградени во законскиот проект така што кога ќе го составиме предлогот за донесуваше на закон со амандмани ќе го надградиме текстот.

Го молам Собранието да го уважи овој законски проект со тоа ќе овозможи на граѓаните на РМ и на Владата;,на,РМ да може да им ги врати тој дел од штедните влогови кои ги има заробено во деловните банки. Да кажам и тоа дека РМ има 277 илјади купопродажен простор кој може да биде предмет на^ расправа и ако појдеме од тоа ако по 1000 германски марки да биде за квадрат продажен простор се очекува дека Републиката ќе спечали околу. 30 0 милиони германски марки што е еден значаен фонд и кашаците на Републиката со кој ќе може да го исполни членот 9, а тоа е враќање на штедните влогови нас граѓаните.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство. Јас не сум против донесување на ваквиот предлог-закон, а со задоцнување се носи еден ваков предлог-закон, поконкретно во едни пазарни економски односи. По мене, овој закон треба да се носи заедно со законот за денационализација. Зошто? Сите деловни згради, простории, стекнати со средства остварени на разни начини, меѓутоа, со стопанисуваше, со здружени станбени згради, со разни кредити, заеми итн., кога би го донеле законот за денационализација, заедно со овој закон, тогаш би

имале точен преглед со што практично располага Републиката и со каков деловен фонд. Знаеме поранешните СИЗ-ови какви згради имаше- во својата сопственост, па затоа сум за донесување на ваков предлог закон, меѓутоа, исклучиво заедно со законот за денационализација.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Мене не ми е јасно излагањето на господинот министер, малку сум збунет, бидејќи тој ги призна сите слабости на понудениот законски проект, што се содржани во Информацијата од Стопанската комора но не рече дека ќе го повлече проектот или дека во меѓувреме ќе се вградат тие подобрувања, а ни сугерираше дека треба да помине законскиот проќет и покрај таквото признавање дека е доста со слабости. Но, при тоа пропушти да каже нешто за клучното прашање што_е основата, како што предлагачот тоа го дефинирал во едно од начелата врз кој се предлага тој закон и сакам да укажам на тоа бидејќи сметам дека тоа е најсуштинското прашање. Во изразени тенденции во РМ оваа Влада да ја разорува материјалната основа на државата ни се најавува уште еден законски проект слично како тоа што беше со станбениот фонд, овој пат, со деловниот простор, а не знаеме каде може да запре некаде веројатно околу проектите со концесии околу природните богатства во Републиката. Затоа сакам да укажам и самиот на нелогичноста кога Владата тврди дека со овој законски проект треба продава државниот деловен простор. И од Информацијата што е доставена од Комората постои несогорлива аргументација дела деловниот простор е општествена сопственост. Сметам дека во оваа фаза на расправа би било добро господинот министер малку да дообјасни околу ова прашање.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас мислам дека е добро што Владата ни предлага еден ваков закон и добро ^ што Владата се откажува од овој деловен простор го претвори во државен капитал, тој за сега е општествен капитал, затоа што не е извршена трансформација, бидејќи тоа е во согласност со Уставот, со логиката и со пазарната економија.

Овој закон е од големо значење, ова е капитал, со кој располага државата и мора многу внимателно е да се постави и да се вградат критериуми околу неговата продажба затоа што е. тоа последниот капитал преку кој можат да се обезбедат средства за регулирање на штедните влогови на граѓаните, ако го иземеме капиталот од индустријата, земјоделието, трговијата, угостителството и т.н. значи од стопанството, спрема тоа,мора со големо внимание и со голем респект да се. пристапи кон изготвување на овој закон и да помине низ поширока расправа, не само во телата на Собранието, туку и надвор од Собранието, затоа што било какви пропусти, недоречености и неусогласености можат да остват многу негативности.

Во тој правец би укажал на некои мои видувања и забелешки.

Прво, во законот е предвидено дека продажбата на деловниот простор ќе ја водат поранешните интересни заедници за становање и деловен простор. Тука има една опасност на која треба да се внимава, а тоа е дека овие интересни заедници кои веројатно ќе поминат во јавни претпријатија, бидејќи своите потреби ги покриваат од закупнината на деловниот простор ќе немаат интерес да го продаваат деловниот простор и ќе се служат со разни методи начини, средства, да го одложат тоа продавање. Можеби би било добро да постои едно тело не од многу луѓе, туку од тројца на пример, кои би ја контролирале таа продажба и

кои би гледале дали се спроведува програмата на Владата каква што има Владата донесено. Тоа значи на тој елемент законодавецот мора да посвети внимание со целиот респект за да не се успори таа работа.

Понатаму, не е предвидено како ќе се продава деловниот простор. Тоа мора да се објави во информативните средства, тоа мора да се внесе во законот за да биде јасно, затоа што ако тоа не се прави да се објави во информативните средства, можат да се објавуваат со разни објави, огласи, а тоа ќе биде тешко достапно за граѓаните, така што граѓаните не можат да учествуваат во таа купопродажба, и не можат да се извршат правилни лицитации на тој деловен простор, се со цел тоа поефикасно да се остварува.

Во законот е предвидена една алтернатива дека ќе се овозможи попуст до колку плаќањата се вршат во ефективна валута. Јас би рекол дека тој попуст треба да биде подеднаков и за плаќањето со штедните влогови и со плаќање во ефективна валута и тој не би требало да биде под 30%. Мислам дека тоа би било поефикасно во собирањето на ефективните средства.

Исто така во законот е предвидено кој има предимство на купување на тој деловен простор. Мислам дека прво треба да се предвиди предимство да има оној кој зема обврска дека најголем број од вработените ќе ги задржи на работа и тоа со договор да се регулира.

Второ, тој што го закупил просторот односно што го користи просторот да има. право на предимство, но само во случај тоа да го плаќа во ефективна валута или со штедни влогови. Инаку, не би можело тоа предимство поинаку да се усвои.

Еве, тоа се моите укажувања и забелешки.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, за овој. закон имам дадено неколку предлози и забелешки а тоа се однесуваат на членовите 3,4 и 7. Ако почнеме со ред, бидејќи ако се прифати овој закон ваков каков што е се навестува нов грабеж. Па затоа ги дадов следните забелешки.

Во членот 3 се споменуваат некакви присилни прописи, тоа е многу убаво што имаме присилни прописи. Но, не се дефинирани какви се тие присилни прописи, па така предлагам во членот 3 да се додаде нов став со кој да се набројат или дефинираат присилните прописи. Ова од причина што во нашето законодавство "никаде поимот присилни прописи не е дефиниран, а во правната наука секој пропис се смртта за присилен.

Ако земаме за национализираните простории и згради, законот за денационализација навистина требаше претходно да го изгласаме, па потоа требаше овој закон да дојде на ред.

На тие што им е национализиран имотот будно следат и чекаат што ќе стане,.а овде не е напишано дали за тие луѓе што чекаат ќе се стори нешто. Тоа не е дефинирано дали за национализирани имот има присилни прописи.

Понатаму, имаме конфискувани имоти, простории и згради дали важи и за тие, па тие конфискувани имоти се конфискувани на повеќе начини. Некаде има конфискувано на воени злосторници, дали нас тие ќе им се врати с^.и овде не е дефинирано. Имаме конфискувано на некои кои се бореле за Македонија за идеите на самостојна Македонија дали на тие ќе им се врати или не? Тоа мора да се дефинира.

Понатаму, за експроприран имот итн., но поважно е за членот 4 токму тука се назира грабежот. Општо е познато дека за пазарната цена

на деловниот простор во целата Република најмалку три пати е поголема од градежната вредност. Сега, кога ќе се вратиме на членот 4 став 3 зборовите "градежна вредност", да се заменат со зборовите "пазарна цена". Јас тоа го барам. Барам пазарна цена за тоа што, ако го погледнеме законот, во основните начела врз кои се заснова законот се споменува продажба по пазарна цена. НО, ако го погледнеме членот 4 никаде не се спомнува пазарната цена, туку градежната вредност.

Всушност, со оваа измена предлагам почетна цена за продажба на деловниот простор да не може да биде помала од пазарната цена, а не од градежната вредност, како што стои во одредбата на членот 4, став 3 од предлогот.

Во основните начела врз кои се заснова законот како што стои во предлогот е на челото продажба сон пазарна цена кое не е сосема исправно и целисходно и е во согласност со сите начела со пазарното стопанисување. Зошто тогаш се дава право на Владата преку одредената на членот 4 почетната цена за продажба на деловниот простор да е определена до границата на градежната вредност на тој простор. Градежната вредност на секој објект преставува цена на изведувачот што значи дека во неа не се содржани ниту трошоците за уредуваше на земјиштето, така што е таа е помала за 30-40% од инвестиционата вредност на објектот, а инвестиционата вредност на секој објект секогаш е помала од пазарната цена на тој објект.

Значи, преку предложената одредба на членот 4 од предлогот се дава право на Владата со донесуваше на свои прописи да определени деловниот простор на Републиката да се продаде по почетна цена

еднаква на градежната вредност, ас. тоа е околу 1000 германски марки по метар квадратен. Со одбивка на квалитетот на материјалот за градба и амортизација таа цена може да падне и до 50?. додека општо е познато, пак да повторам, пазарната цена нас деловниот простор во целата Република е најмалку 3 пати поголема од градежната вредност. Тука е самиот грабеж.

Треба да се има предвид и тоа дека најголем дел од деловниот простор ќе се продаде по почетната цена во смисла на членот 4 и чл.10 од предлогот поради предимствоно право на купуваше, а тоа значи да се продаде во бесцение, па затоа предлагам почетната цена да биде пазарната цена на деловниот простор.

VII/1.- лп/јс

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ**: (Продолжение)

Кога сме овде, да Ви кажам уште нешто, каде што има предимствено право на купување, значи тие лица што се во тие простории имаат предимствено право. Тоа ќе беше добро, но гледаме причини поради кои се донесува законот. Законот се донесува, како што пишува, изгледа многу хумано. Тоа е за депонираните девизни штедни влогови на граѓаните, за кои гарант е државата. Ќе се исполни и сукцесивно ќе се ублажи обврската за враќаше на девизните штедни влогови на граѓаните. Како што ви кажав, во членот 4 тоа не е така. Тоа враќање нема да биде и да не очекуваат штедачите такво враќање. Тоа ќе биде исто како со продажбата на становите. А ако се толку загрижени за штедачите зошто да немаат предимствено право на купување штедачите, но купуваше сопствениците односно за купувачите.

Понатаму, за членот 7 каде што имаме две алтернативи, јас предлагам првата алтернатива на член 7 да се брише. На членот 7 предлагам да се прифати алтернативата 1 од причини што нема потреба од никакви попусти и олеснувања при купувањето на деловниот простор. Значи, и тука Владата предвидува некои попусти и олеснувања, на кого сака таа ќе даде попусти и олеснувања и за многу евтини пари ќе се купат тие деловни простории, а се разбира за штедачите ќе нема ништо. Ова од причина што во него се вршат дејности со кои се остваруваат приходи. Заинтересираноста и побарувачката за негово користење е голема и сигурно дека без попусти ќе се продаде во најголем број на случаите.

VII/2.-

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано' претседателство, почитувани пратеници, предлогот за донесување на закон за продажба на деловни згради и деловни простории на Републиката предлагам да биде симнат од дневниот ред на оваа седница, бидејќи по него објективно и процедурално не може да се расправа од следните причини: Бидејќи дневниот ред е веќе изгласан, сметам дека одредените забелешки ќе ги има предвид предлагачот, бидејќи и ова е предлог на закон.

Зошто тоа го мислам?

Прво, неопходно потребно е да се донесе Законот за формирање на јавно претпријатие, за стопанисување "со станбени згради, станови и деловни простории, со кого ќе се укинат и сизовите за становање. Тоа неминовно се наметнува за што во текот на овој закон во повеќе негови одредби се споменува јавно претпријатие, кое всушност во овој момент не постои. Се наметнува пр шањето дали пратениците можат да се определуваат за текст на пред- лог на закон во кој е вградено не:што што претходно не постои.

Второ, на начин и услови под кои личи, како претходно прашање, да се расчисти сопственичката припадност на деловните згради и простори, за што предлагачот на Законот се лаже и во заблуда е ако смета дека тоа прашање на целосен и успешен начин го прави со формулираната содржина на член 2 на Предлогот за донесување на законот за продажба на деловни згради и деловни простории во Републиката.

Од овие причини предлагам оваа точка да се симне од дневен ред, а бидејќи веќе е изгласан дневниот ред, сметам дека треба предлагачот да ги има предвид и понатаму да ги усогласи овие работи кои ги кажав јас.

VII/3.-

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, повеќе од неспорна е потребата по донесувањето на овој закон, а мислам дека нема поголема причина за негово донесуваше од компензирањето можеби на најголемата неправда што е сторена спрема девизните штедачи односно уште еден извор на приходи со продажба и приватизација на државниот деловен простор што ќе се компензираат односно ќе се деблокира дел од девизните штедни влогови. Да не кажувам дека и во услови на пазарно стопанство приватизацијата на деловниот простор е нормална работа.

Исто така, се согласувам и со основните начела за донесување на овој закон, а тоа е приватизацијата на државниот деловен простор, како и пазарната цена на продажба на истиот.

Моите забелешки и воедно предлози во однос на предлогот за донесување на овој закон се состојат во следното:

Сметам дека во членовите 2 и 3 од Законот, каде што се зборува што влегува во предметноста на продажбата на државниот деловен простор, меѓу" другото е и оној деловен простор кој е пренесен од постојните општински сизови за становање и деловен простор, како и здружени од општините, кореспондирајќи со наредните одредби каде што се кажува што е исклучено од предметноста на продажбата, меѓу другото е и оној државен простор кој го користи локалната самоуправа. Сметам дека прогласувањето на правата, одговорностите и должностите во поглед на управувањето, користењето и располагањето со деловниот простор од страна на Република Македонија во никој случај не треба да го исклучи моментот дека тој деловен простор е создаван од зафаќања од доход и чист доход на организации и работни луѓе во општините, дека е здружуван во тие општини кога тие беа исто така сегмент на државата,

државна единица во Републиката и секое дефинирање, како што овде е содржано, овде да се исклучи продажбата на деловен простор на користењето, само на оној деловен простор кој го користи ;локалната самоуправа, сметам дека во состојба ако се знае дека создавањето на тој деловен простор е правен по општините, .ако се знае дека е предвидува и имотна општините, ако се кореспондира со идните функции на локалната самоуправа, и те како треба да се дефинира подмирувањето на потребите:од .деловен простор на општините во однос на функциите што таа сега ги врши односно ќе ги врши, се разбира, со донесувањето на новиот закон за локална самоуправа. Во таа смисла, неодминливо е во Законот да се регулира и улогата на општината, како што стои во Законот и програмата за продажба која ќе ја донесува Владата по предлог на јавното претпријатие и со односот на надлежностите меѓу јавното претпријатие и општините како локална самоуправа, во интерес, ќе повторам, на тоа да се подмират потребите на општините како локална самоуправа за вршење на функциите што тие ќе ги имаат и сега и повеќето што ќе ги имаат со донесувањето на новиот закон за локална самоуправа.

Понатаму, во однос на наредните одредби од предлогот на законот сметам дека почетната цена која што е овде уредена со одредбите на законот многу ги фаворизира моменталните корисници на тој деловен простор и ги става во завидна привилегирана положба. Во таа смисла, мислам дека тоа не е добро решение. По- ведени од искуството на Законот за продажба на општествени станови и големиот број на појави на девалвирање на. вредноста при продажба на тие станови, во интерес да не се повтори и овде грешката мислам дека треба многу темелно анализирање од сите аголи и аспекти да се утврди онаа вредност која што ќе значи пазарно приватизирање на државниот деловен простор.

Никакво фаворизирање, како што и сега се фаворизирани моменталните корисници на тој деловен простор во општините. Како што беше овде искажано од неколку претходни дискутанти, заради деблокираше на девизните штедни влогови, и јас се согласувам со една определба, попустот, ако се плаќа деловниот простор со заробени девизи или со ефективни девизи, од 15% да биде поголем по нагорна линија.

Во членот кој ја дефинира намената на средствата, во согласност со она што го искажав претходно, сметам дека може да се размисли, покрај доминантната намена на овие средства за намирување на девизните штедни вложувачи, сметам дека во функција на обезбедување на деловен простор, од каде ќе се создаваат овие приходи, би можело да се размисли од страна на предлагачот да утврди и намена која што ќе значи определување на одредена процентуална вредност од добиените средства од продажба на деловен простор за општините за оваа намена односно за деловен простор во општините како еден вид сатисфакција и на претходниот сопственички статус, што го имаат тие објекти и сатисфакција таму каде што тие се создавале, на некој начин и таму да се повратат.

На крајот, членот кој го утврдува и уредува предимственото право е недоволно дефиниран и сметам дека тие одредби неминовно треба да претрпат едно поконкретно уредување. Овде се зборува само за предимственото право на закупувачите и со сопствниците. Мислам дека и користењето најмалку една година. Дали во постојниот закон тоа да биде законска регулатива или поефикасно можеби е Владата да ги утврди сите критериуми и сите услови за спроведување на предимственото право, исто така од аспект на утврдување на браник од евентуални изгирувања и злоупотреби на целта што е за донесување на овој закон.

VII/6.-

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа, донесувањето на овој закон е последниот од алката на трансформација на општествениот капитал во приватен капитал и мислам дека е за поздравување. И во самиот законски проект а исто така и во изнесувањето на министерот г-динот Туше Гошев, а и од некои други дискутанти беше повеќе нагласено дека голема корист од продажбата

на овој вид државен капитал ќе имаат и девизните штедачи. Меѓутоа, можам слободно да кажам дека и овој пат во врска со продажбата на овој државен капитал девизните штедачи ќе останат со кратки ракави, да не реч^м и измамени во своите секојдневни барања тие на еден начин да си ги повратат девизните заштеди кои со тешка мака ги заработиле во странство. Кога беше донесен законот за продажба на становите, видовме во каква позиција беа ставени девизните штедачи. Дури, никаква предност не им беше дадена при купувањето на овој вид општествен капитал. Дури мислам дека од одделни граѓани носители на станарско право беа и уценувани, така што да речеме за 20.000 марки купувачот на средствата од девизните заштеди му плаќаше на девизниот штедач околу 10.000 марки.

Исто така, кога беше дискутирано и за трансформација на општествениот капитал, по кој што сметавме дека неколку милијарди долари Република Македонија располага со општествен капитал и девизните штедачи, каде што да не повторувам, сигурно се знае околу една милијарда долари се заробени од страна на банките односно на страна на државата, каде што државата Република Македонија е и гарант на овие штедни влогови. Така што, немили беа сцените во изминатите години односно месеци кога девизните штедачи вршеа блокада да речеме во Битола, Прилеп, Охрид и други места, барајќи

ги своите девизни средства кои ги заштедиле на чесен начин да си ги добијат назад, сега во овој момент кога имаме трансформација на општеството во приватно општество со тие заштедени средства да можат да си отворат приватна дејност.

Во членот 10 од овој закон стои дека предност на купување на овој вид општествен капитал ќе имаат прво тие кои што се носители, потоа вработените таму итн., а девизните штедачи се ставени на периферијата. Фактички, со еден збор тие немаат никакво право, иако државата е должна прво за ни барем мислам во овој трет овој да го распродаде и оној државен капитал, да им даде некаква предност.

Според тоа, предлагам во член 10 на овој законски проект да имаат предност девизните штедачи. Ако со ова не направиме вака, знајте дека голем грев или уште еден грев ќе им нанесеме на овие девизни штедачи.

Истото тоа, го подвлече и колегата Кирил Ковачевски каде што рече дека предност во распродажбата на овие простори односно на деловниот простор треба да имаат и девизните штедачи. Ако тоа не го направиме, мислам дека ниеден денар односно да не зборуваме за повраток на девизните средства било тоа во долари, марки итн., нема ниеден да добие. Ако од становите кои беа некаде 54 или 56 илјади станови, мислам дека девизните штедачи ниеден денар не добија. Ако некој се фали дека за мажечка, умирачка или за патување и лекување во странство нешто доби, мислам дока многу се лажат. Фактички, оние кој што ги орочил девизните средства, од државата треба да се добие онолку, а не тоа да претставува некоја социјала, здравствен проблем, школување во странство, патување во странство или пак на крајот на краиштата за умирање, па да му дадат пет-шестотини илјада марки за да може најнеопходните погребни церемонии да си ги задоволи семејството.

Според тоа, уште една потенцирам, а и ги поддржувам тие предлози, во член 10 предимство при купуваше на овој деловен простор да имаат девизните штедачи.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, јас би сакала неколку детали од извештајот да кажам од расправата на Комисијата за градежништво и урбанизам во однос на предложениот закон, каде што се вели дека Комисијата го разгледа и претресе Предлогот за донесување на закон и констатира дека има потреба од донесување на овој закон, од причина што со продажбата на деловниот простор, со кој располага Републиката, ќе се исполни или сукцесивно ќе се ублажи обврската за враќаше на девизните штедни влогови на граѓаните.

Понатаму се вели: беше искажано мислење дека не би требало да се продаде целокупниот деловен простор со кој располага Република Македонија, од причини што некои деловни згради и деловни простории не ќе можат да се приватизираат. Констатирано е дека претходно а и претставници од министерството искажаа дека поврзано со овој закон би требало да се донесе и законот за денационализација.

Исто така, беше искажано мислеше дека при:продажбата на деловниот простор ќе се јават проблеми околу заедничките простории, што досега се користеа од општествени правни лица, потоа неделивоста на некои објекти и простории, како и тоа дали досегашните корисници ќе може да ги купат деловните згради и деловните простори, како и заедничките ентериери и простории кои ги имаат заеднички уредувано.

VIII/1.-ДВ/МЛ

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Беше укажано на проблемот што ќе се јави со закупнината, а и на потребата од обезбедување на пари не само за вработените туку и за државата, поради што би било упатно да не се продава целиот деловен простор.

Посебно беше укажано на потребата при продажбата на деловниот простор во Старата чаршија да се води посебно сметка.

Исто така треба Владата, односно јавното претпријатие да донесе програма т.е. критериуми според кои ќе се дава приоритет при продажбата на деловниот општествен простор.

Беше укажано на потребата при примената на овој закон да се води сметка Република Македонија да не го изгуби она што не треба да го продава, имајќи предвид дека голем дел од деловниот простор тешко може да се продаде.

Понатаму, во заклучокот стои дека при изготвување на предлогот, т.е. Нацртот на законот Владата да ги има предвид овие согледувања кои што се како што гледате во глобала во однос на целиот закон.

Исто така на почетокот на Комисијата беше искажано чудење зошто носител на овој закон не е Министерството за градежништво и сообраќај, како што беше во Законот за продажба на станбените простори, туку е Министерството за финансии и Министерството за правосудство. На неколку наврати беше укажано дека Министерството за градежништво и сообраќај не се согласува со Предлогот на законот, т.е. со текстот на Предлогот кој што е доставен до нас и дека Министерството се оградува од овој закон.

Бидејќи ние како матична комисија сакавме да ги дознаеме причините и согледувањата на Министерството зошто тоа е така, ни

се даде едно објаснување но сепак јас се обидов да си го објаснам тоа, дека деловниот простор од станбениот простор е одвоен затоа што носи многу поголема сума на пари и заради тоа што има многу други односи при продажбата на деловниот простор.

Исто така, се кажа дека овој закон не може да профункционира без законот кој што е на дневен ред на оваа седница како 31 точка, а тоа е Предлогот за донесување на закон за стопанисување со станбениот и деловниот фонд со кој располага Републиката со Предлог на закон. Со тој закон сегашните СИЗ-ови кои го водат овој деловен простор ќе се трансформираат во едно јавно претпријатие, кој понатаму се спомнува во законот што е сега на дневен ред. Овој закон е предложен по итна постапка на 12 април од страна на Владата. Нашата комисија го гледаше на 12 мај. Значи итноста беше и те како потребна да се донесе овој закон уште во мај месец како до сега би се консолидирале и органите на ова. јавно претпријатие и како досега би се изработиле и првичните критериуми кои треба ова јавно претпријатие да ги даде за продажба на општествените станови за да не дојде до исти проблеми, грешки и недоразбирања во однос на одлуката што ја донесе Владата.

Нашата Комисија како матична по ова прашање неколку пати има назначено дека законите од областа на градежништвото, бидејќи се донесуваат со поддати на Владата барем~да ги имаме контурите на критериумите спрема кои ќе се продава општествениот простор. Овде исто така изостануваше. Ние сега ќе донесеме еден закон кој можеби нема и да профункционира за една цела година. Ние го донесовме Законот за трансформација на општествениот капирал, Агенцијата не е оформена и Законот не функционира. Ние можеме само да се пофалиме дека сме донеле уште еден закон. Истото може да се случи и со овој закон ако не се оформи Јавното претпријатие и ако пазарење

околу водителите т.е. директорите на Јавните претпријатија не траат така долго.

Исто така, за да се оформи јавното претпријатие, државата најверојатно го прогласува овој општествен фонд како јавен интерес на државата и така треба и да биде, бидејќи навистина се работи за огромна сума на пари и го издвојува од Законот за станбени односи каде становите се продаваат според критериуми и одлуки што ги донесе Владата.

Јас уште еднаш апелирам до Владата за заклучоците што ги донесовме ние на нашата Комисија, при донесувањето на нацртот да се води сметка за донесувањето на другите пропратни закони кои понатаму би го кочеле спроведувањето на донесениот закон. Инаку јас навистина жалам и ми е многу чудно што критериумите за донесување на овој закон не ги слушнавме и не ги поддржа Министерството за градежништво и урбанизам кој исто така треба да учествува во овој закон и исто така треба да учествува во Законот за стопанисувањето со станбениот и деловниот фонд со кој располага Републиката.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Поддржувајќи ги двајца мои претходни дискутанти во своите укажувања дека ова е многу битен закон и дека треба да се носи паралелно со Законот за денационализација уште еднаш ќе напомнам де^а овој закон треба да се ЕОСИ во три фази, по редовна постапка.

Со оглед дека законот за денационализација сеуште не е на видик, или барем јас не сум информиран, а да не се губи во време т.е. коракот започнат со приватизација на станбениот фонд односно трансформација на општествениот капитал, додека се изготви законот за денационализ-

ација да трае постапката околу усвојувањето на овој закон и ќе се извршат некои усогласувања.

Моите укажувања се однесуваат на член 10 и член 12, а поврзани се со член 3 став 2 од Предлогот за донесуваше на закон кој се однесува на деловниот простор кој се иззема од приватизацијата. Конкретно во овој закон никаде не се спомнува што станува со поранешниот сопственик на земјиштето на кое се изградени овие објекти, сега предмет на приватизација. Кој е неговиот статус?

Овде во член 10 се спомнуваат субјектите кои имаат предимствено право на купуваше. Тука се времените корисници, закупници итн., а ништо не се споменува за поранешните сопственици. Друго е ако тие национализирани земјишта биле употребени за некои јавни интереси, за болници, патишта или слично, за некоја инфраструктурана потреба, а друго е сега за објекти чија вредност во моментот е многу висока. Сега ако овде се има предвид дека проблемот што се регулира со законот за денационализација, надомест кот на експроприраните земјишта ќе се врши со пазарната вредност, можеме да претпоставиме која е пазарната вредност на 1 м$^2$ градежно земјиште во центарот на еден град на кое што сега е изграден деловен простор, а на кој деловен простор сега предност ќе има времениот продавач кој работи 5, 10 години, а можеби една година, минимумот колку што е даден. Така да предлагачот мора да го има предвид овој факт, односно оваа околност, оваа категорија на граѓани никако да не бидат изземени од можноста во најмала мера да конкурираат односно да претендираат на овој деловен простор, било во јавното наддаваше, но претходно да му се овозможи некое предимствено право како што е тоа регулирано од прилика вака по некоја аналогија со член 12, каде на пример ќе се одбие, ако деловниот простор изнесува 30 м$^2$, а метар квадратен на градежното земјиште во овој момент да речеме

во центарот на Струга изнесува не помалку од 300 ДМ, тогаш овој износ да се одбие од вредноста на деловниот простор и да му се даде можност на поранешниот сопственик да претендира на тој деловен простор. Тоа бидејќи морално право е и се коси со интенциите на нашето општество кое оди на некој начин да се обесштетат тие што биле оштетени поради идеолошки и други причини.

Јас, со оглед дека се работи само за предлог веројатно во втората или третата фаза, сигурно нема да бидам само јас, ќе излезам со конкретни амандмани кои подетално ќе ги образложам.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Морам да признам дека не сум стручњак за вакви закони, меѓутоа почувствував дека овој закон сепак има во себе една социјална функција. Прво што сметам дека во смисла на тоа, треба да се обезбедат одредени средства за подмирување на потребите на нашите штедачи кои и те така се најдоа во многу лоша состојба. Меѓутоа посебно ме заинтересира членот 10. Така да кога ќе се направи анализа дека предимството за купуваше на овој деловен простор го имаат оние што го поседуваат, а ќе ви кажам дека во Република Македонија трговските и прометните организации во најголем дел ги држат ваквите деловни простори, ваквата состојба како што е сега, од економска гледна точка, тие и покрај. тоа што имаат предност за купување на овие деловни простории, не се во можност да ги купат. Тоа значи дека импераглвно ќе дојдеме во ситуација да создадеме вишок на работна сила.

Се претпоставува, читајќи ја една анализа на трговските работни организации во Македонија, се констатира дека со овој закон може да дојдат во една многу лоша материјална состојба околу 10 илјади вработени деца, а тоа е еден доста голем број кој би се нашол во

ситуација да нема материјални средства.

Предлагам до предлагачот на законот оваа работа да ја има предвид затоа што овие 10 илјади вработени ако останат без работа, верувајте дека државата во сегашни услуги со овие материјални услови не е во можност да обезбеди егзистенција на стечајните и другите работници, а камо' ли и на оваа категорија граѓани. Така да во членот 110 или во некоја друга одредба да се предвиди купувачот на деловниот простор, без разлика дали се работи за трговска работна организација или друг сопственик кој би дошол нормално со купување на овој деловен простор да има обврска да ги прифати овие работници кои ќе останат технолошки вишок. Во таа смисла мислам дека државата на некој начин ќе биде ослободена од обврските кои би ги имала спрема овие 10 илјади граѓани.

Можеби докрај не сум го проучил овој проблем, меѓутоа имам предвид дека оваа категорија на граѓани ќе се најде исто така како што се најдоа и стечајните работници, оние 15 илјади да немаат примања за последните четири па и пет месеци. Во таа смисла го молам предлагачот тоа да го има предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Наум Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Ги поддржувам повеќето дискусии кои беа тука истакнати зашто навистина се ретко принципиелни и скоро сите се залагаа да укажат на комплексноста на овој проблем кои сите заедно се обидуваме на некој начин да го решиме.

Исто така за поздравување е и Одлуката на Владата овој закон да оди во собраниска процедура во две фази, со што ќе се зголеми самата демократичност и се надевам правичност во самото донесување.

Јас би истакнал една специфичност која е правена во општина Битола. Тоа е имотот на месните заедници кој настанал по разни начини, од национализација на стари згради пренесени во Социјалистички сојуз до новоизградени згради и дел на верски објекти.

Во постоечката законска регулатива постои еден одреден вакум во решавањето на имотот на овој простор. Тука се СИЗ-овите, општините, самиот општински имот како и имотот на државата. Имотот на месните заедници не е внесен во ниеден од овие горе споменати имоти.

Не сум сигурен каква е ситуацијата во останатите општини, но очигледно е дека тоа како проблем постои, па се надевам дека 'во понатамошната фаза на овој закон ќе бидат вметнати и решенија за овој настанат проблем.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас сум веројатно меѓу тие помалкуте што е против донесување на ваков закон и општо сум против носење на било какви закони што се однесуваат на продажба, бидејќи досега година и нешто г. носиме само закони за продажба, а најмалку за купување и секогаш сакаме да ги искористиме така наречените девизни штедачи со некои привидни закони.

Прво, јас се залагам да се донесат закони кои се однесуваат за регулирање на правната држава. Со вакви закони што носиме сега сигурно нема да има никој корист, само поединци, не државата. Затоа

уште еднаш ќе повторам дека сум категоричен против донесување на закони за продажба, бидејќи досегашната ситуација го нема еден од највиталните закони, а тоа е законот за денационализација кој е спомнат уште многу порано а и често пати од оваа говорница.

Исто така еден од поважните закони кој не е тангиран од Владата и од ниеден досега е законот за јавните претпријатија. Ние спомнуваме тука јавни претпријатија во било кој закон, а закон за функционираше на јавни претпријатија не постои. За да нудиме продажба на било каков општествен, бидејќи ние до ден денес нема- ме расчистено што е тоа општествена сопственост, тоа е остатокот од досегашниот систем на функционирање, па јас се залагам прво да се трансформира таканаречената општествена сопственост во државна сопственост. Тука сепак не се работи за некои обични станови од 30 или 40 $м^2$. Од образложението што тука го предложи предлагачот, сигурно се работи за простори од над 20 0 илјади и повеќе $м^2$. Не е туку така да се помине со еден обичен заклучок кога се работи за милионски суми, предлагачот нуди колку илјади марки еквадратот, што веројатно не е соодветен, тој сигурно ќе биде многу повеќе при продажба на деловниот простор. Според моите досегашни сознанија веројатно под 3-4 илјади марки нема да биде. Замислите за каква продажба се ангажираме ние,.да се донесе закон.

Уште еднаш повторувам дека сум еден од тие кои ќе гласа против Предлогот за донесување на ваков закон, бидејќи можам сигурно да констатирам тука во членот 10 кој неколку од вас го спомнавте, Навистина ми личи малку на несериозна работа од страна на предлагачот. Вели: "за купување на деловниот простор кој во него врши дејност и го користи најмалку една година пред влегуваше во сила на овој закон, тој има предимство. Замислете ако направиме една споредба при донесување на законот за продажба на општествените станови каде

за еден стан од 70, 80 или 90 м2 имаме, според искажувањето на претходниот министер околу 4.50 0 спорови кои што живееле по 5, 10 и 15 години и само поради некоја формалност не го регулирале станарското право, замислете сега предлагачот ни нуди една година. Веројатно ние знаеме последните две-три години како се одвиваат овие процеси за стекнување и користеше на деловниот простор, замислете во каков хаос ќе не доведе оваа реченица "само една година".

IX/1 CC/OM

**КОЛЕ ЛУЛ0ВСКИ:** (Продолжение)

Верувајте, тука не се работи за 200-300 м^, се работи за , можам да кажам, градски стадион. Мора да се внимава малку на годините. Јас, ако ме прашате мене, не би дискутирал за под 5 години да некој може да има предимство- во купуваше на деловен простор. А, и тоа е многу малку. 5 години е многу малку. Замислете, само ние 3 години сме во ова Собрание, а сите недостатоци, сеуште од претходното Собрание, со манипулации со деловниов простор, е тука се сите оние 5 години, минимум. А, не да зборувам повеќе. Сигурно, со амандмани би одел, веројатно и тука би кажувал "за^'некои^10'"ѓ6дини веројатно.

Да извршиме една споредба со еден станар кој живеел со нерешено станарско право поради разна административна грешка, веројатно, со еден кој случајно ја злоупотребил сегашната неправна држава, ја злоупотребиле правната држава, ја злоупотребил неправната држава заради нефункционирање на правната држава, злоупотребил една две години и веќе има право на стотина можеби и 10 иљади-20 иљади метри квадратни. Тоа е огромен капитал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Гошев, министер за правосудство и управа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, сигурно дека расправата имаше доста принципиелни дискусии и размислувања и ако појдеме од секаков аспект за градењето на тој законски проект, единствено останува дека ние мораме да расчистиме со општествената сопственост како економски

и правна категорија што не е во согласност со Уставот на РМ и која не може со неа да се гради пазарното стопанисување.

Што се .однесува до иземањето во членот 3, каде кажуваме дека сите деловни простории што се прибавени со присилните прописи на РМ не можат да бидат предмет на продажба на тој деловен простор, јас можам да ви кажам дека во изготвуањето напроектот за денационализација што е изготвен во две верзии и беше еднаш на седница на комисиите при Владата на РМ и после вратен сега да се изготви последен проект со кој што Владата ќе стартува, да кажам дека има од 1946 година до 1988 година 28 присилни прописи и, доколку сакате во составувањето на Предлогот на законот можеме во позитивна нумерација во тој став да ги наброиме сите тие присилни прописи со кои се одземени тие деловни згради. Тоа значи дека и во Законот за продажба на становите и во овој закон каде што создаваме можност на законот за денационализација да не го изгуби своето значење односно да си ја регулира - материјата што треба да ја регулира.

На кој начин ќе биде обесштетувањето на граѓаните, кога ќе дојде законот -за денационализација тогаш ќе продискутираме и во согласност со Собранието ќе го усвоиме тој законски проект.

Второ што сакав да кажа дека законот треба и да биде праведен, затоа што со здружуваше средства стекнат огромен дел од имотот од оние општествени стопански субјекти кои издвојувале од своите лични доходи. Ние сме со намера во членот 10 да дадеме одред попуст на тие општествени стопански субјекти за да можат со почетна цена да го купат тој дел од имотот, доколку се јават во рок од 30 ден дека се заинтересирани да го купат.

IX/3.-

Исто така, законот води сметка во последните одредби на законот каде кажува дека продажбата на деловниот простор нема да оди со самото донесување на законскиот проект, туку дека со едногодишни програми на Владата ќе се води сметка како од презаситувањето на деловен простор за да падне вредноста на тој деловен простор од една страна, а од друга страна ќе води сметка Владата да ги заштити тие работници да не направи укинувањето, престанокот и ликвидирањето ан они стопански субјекти да не направиме 10 илјади работници да останат без работа.

Така што, со овој закон се хармонизира еден однос помеѓу спроведувањето на 'законот и неговата функционална и практична смисла.

Јас пак предлагам на Собранието овој законски проект да го усвои во две фази, сега како Предлог за донесување на закон со Предлог на закон, затоа што тој е комплементарен со точката 31. Таму имаме рокови за да можат еден со друг да станат една заедничка целина и да можат да профункционираат во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам, навистина , сега претресот и на Собранието ќе му предложам заклучок после пауза од еден час.

Ва молам, во 15,30 да бидеме тука сите, да можеме да продолжиме, оти треба да гласаме, а за тоа се потребни најмалку 61 пратеник за да се гласа.

(Пауза од 14,30 до 16,20 часот).

IX/4.-

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,20 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од повеќе пратеници имаше бараше паузата да биде подолга за да се ислуша излагањето на Претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, само сега ги молам сите што се јавуваа за такво одлагање да дојдат во салата и да почнеме да работиме.

Продолжуваме со работа.

Констатирам дека на седницава присуствуваат мнозинство^ пратеници од вкупниот број пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои предлогот за донесување на закон за продажба на деловни згради и деловни простории во Републиката.

2. Собранието на Република Македонија предлага Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и забелешките од пратеникот Кирил Ковачевски како и укажувањата изнесени во претресот по законот на оваа седница.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски како и укажувањата и забелешките искажани во претресот на денешнава седница да с достават до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(58 пратеници)

Дали има некој против (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 2** - Предлог за донесување на закон за угостителска и туристичка дејност.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на ЗПК и Комисијата за стопанство и Комисијата за заштита на човековата околина Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? Збор има господинот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Само на кратко, сметам дека во предложениот закон, сигурно во обврската при изготвување на Предлогот на законот треба предлагачот да изврши одредена корекција во однос на утврдување на почетокот, распоредот и завршувањето на работното време, согласно на тоа што во определување на видови објекти се кажува дека постојат објекти за исхрана и послужување на пијалок кој што по вид можат да бидат различни. меѓу другите кои и во распоредот на работното време имаат ноќа работа, согласно со Законот за работни односи. Додека по членот што го определува распоредот на работното време се предвидува најдоцно работно време до 11 односно до 12 часот.

Сметам дека согласно видовите на угостителски објекти треба да се сообрази и распоредот на работното време односно за соодветните видови на угостителски објекти да се предвиди адекватно работно време, како што е карактерот и природата на тие угостителски објекти.

Друго е прашањето и тоа е како компаративно сознание од западните земји, таквите дозволи за работа што ќе значат поинакво распоредување на работното време да имаат соодветна цена и со тоа да се вкалкулираат во соодветните давачки спрема државата.

(Во отсуство .на претседателот,со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на РМ, господин Џеладин Мурати)

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Таири.

Сметам дека предлогот за донесување на закон за угостителска и туристичка дејност треба да се прифати бидејќи одамна овој закон не е ревидиран и секако дека потребата за донесување е оправдана. Лично сметам дека можеме и како парламент да одлучиме да ја скратиме процедурата за донесување оти има доста проблеми во областа на угостителството и туризмот.

Секако дека во оваа фаза би требало, тоа го кажа и претходниот дискутант, овие членови не нудат решение околу времетраењето на работата на угостителските објекти и ред други можат да се наведат забелешки што не би сакал посебно да се осврнувам на нив, бидејќи е прва фаза, но секако како основа нуди решение за едно поефикасно

работење во овие области.

Исто така, предлагам како и кај другите закони што доскоро беа, би требало во втората фаза да се видат и преиспитаат казнените одредби, бидејќи навистина некаде се доста големи и сметам дека се неиздржливи и како такви не ќе бидат реално применети во праксата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство јас исто така како и претходниот дискутант го поддржувам овој Предлог на закон меѓутоа ако го анализираме членот 12 каде пишува "угостителските објекти се делат-на угостителски објекти за сместување и угостителски објекти за исхрана" исто така членот 14 каде вели дека угостителските објекти за исхрана се делат на ресторани и други објекти и останати угостителски објекти како второ, тогаш мислам дека треба соодветното Министерство да има предвид дека се донесува унифициран закон. Како навика досега само ќе се повикаме на членот 91 алинеја 2 од Уставот извршиме само дескрипција на законите.

Според мене, овде, специфичноста на овој закон спрема дејноста не се вклопува поради тоа што ако сакаме да работиме по европски начин и пазарно стопанство се знае што е специфичноста за угостителството, а што е специфичноста за туризмот.

Од друга страна, кој треба да ја мери бучавоста и други елементи на овој закон , се дава дека за едно решение или за една согласност за вакви објекти треба нашиот граѓанин да посети најмалку од 5 до 8 министерства. Затоа, во наредната фаза овој закон да биде унифициран, а не како што е даден како предлог.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на. Република Македонија го усвои Предлогот за донесување на закон за угостителската и туристичката дејност.

2. Собранието на Република Македонија предлага Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и дискусиите што ;се;' водеа по овој закон од претходните пратеници.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и предлозите и мислењата изнесени во дискусиите да се доставаат до Владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок молам, да крене рака(55 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој) Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесување на закон за трговија.

Предлогот за донесување на законот и извештајот на ЗПК и Комисијата за стопанство Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор има господинот Петар Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека треба да се кажат неколку зборови во поглед на Предлогот за донесување на законот за трговија од причина што оваа година сме сведоци на доста реакции во правец на состојбата во ко]а што се наоѓа сега трговијата.

Сега, кога"пред нас имаме една законодавна обврска да ги уредиме односите со овој закон, сметам дека треба да укажеме на обврската што произлегува во делот, посебно истакнато во членот 7, во делот на она што има голема реакција од страна на претпријатијата што се занимаваат со трговија на мало, за неуредените состојби за продажба на разни стоки кои што на одреден начин незаконски се продаваат по нашите зелени пазари.

На Комисијата за стопанство посебно беше истакнато она што се предлага во членот 7 дека не одговара на вкупната состојба досега и треба на одреден начин подобро усогласи или појасно таа одредба да се уреди на зелените пазари да биде овозможена продажба само на земјоделски прехранбени производи, а останатите други производи да не можат да се продаваат.

Посебно сакав да истакнам една обврска што стои во делот на надзорот, а тоа е прашањето за добивање дозвола, одобрение за вршење на трговска дејност.

IX/10.-

Сметам дека барателите на тие одобренија неоправдано се изложени на одредени трчкарања би рекол од министерство до министерство, каде се судираат со одредени проблеми и се судруваат со различно толкување во секое министерство, а практично се работи з исполнување на хигиено - техничките услови и други услови потребни за да се добие тоа одобрение.

На Комисијата за стопанство се предложи носител на таквата обврска да биде Министерството надлежно за издавање на таа дозвола во целина, а барањата да ги проследува до соодветните министерства, Министерството надлежно таа дозвола да ја издаде. Така на тој начин ќе се избегнат сите можни девијантни појави во делот на донесувањето на тие одобренија. Инаку, денеска сме сведоци на една појава присутна кај нас и во објекти изградени диво да се даде дозвола за вршење на трговска или угостителска дејност. Истото важи и за претходниот закон што сега одобривме да оди во претходна постапка. Сметам дека со тоа ќе" се избегнат одредени можни девијантни појави во поглед на добивање такви одобренија, затоа што со една таква координација ќе се обезбеди на барателот да му се даде одговор дали тој може да добие одобрение или не.

**ПЕТАР ГОРЃИЕВ:** (Продолжение)

Сега сме во ситуација одредени министерства претходно да издадат одобрение а после тоа кога треба да се извади дозвола за работа и така се судруваат самите извршители што не можат на определен- начин да го спречат веќе даденото одобрение. Од Министерството за стопанство на седницата на Комисијата за стопанство бевме уверени дека таквата наша забелешка ќе најде место при конципирањето на Предлогот на законот за трговија и со тоа ќе се избегнат сите тие сегашни практични проблеми што ги доживуваат одредени баратели на одобренија за вршење на трговска дејност.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Хамид Алиу.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, овој закон за мене во вистинска смисла на зборот не претставува еден општ законик кој што ќе ги регулира односите во трговијата. Кога би ја имале таа среќа како Французите да имаме код де комерц од 1807 година, можда овие слабости би ги немале, меѓутоа се знае дека во екс Југославија и порано не сме имале наш единствен закон за трговија туку сме користеле други узанси и други трговски права. Законот за трговија мора да ги пружа сите погодности што практично трговското право му ги пружа на сите што се занимаваат со промет односно на трговците. Законот треба да биде единствен со единствено право бидејќи нема да има тешкотии во практичната примена. Од друга страна со ваков закон треба да се донесе и Законот за стандардизација и Законот за контрола на племените метали и скапоцени метали.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, јас мислам дека ние мораме да ја заокружиме законодавната дејност односно прописите што ги регулираат сите сфери во однос на стопанството. Секако дека и Законот за трговијата треба да значи придонес во таа смисла. Размислувајќи и за Законот за трговијата и во врска со Законот за донесување на мерките за ограничување на слободата на пазар и претприемништво мислам дека има причина и ние сега во оваа фаза кога станува збор само за донесување на Предлог на закон за трговијата а со оглед дека самиот текст на Законот доста е рестриктивен во некои домени, можеби во конечното определување за регулираше на оваа материја треба да размислиме за две прашања.

Прво, дали можеби, бидејќи стана збор за конкретна дејност за регулирањето на дејноста со закон би не водело во други регулирања со посебни закони на други дејности, да кажеме Закон за производство и така натаму, јас мислам дека можеби подобро ќе биде кога ќе дојде во втората фаза овој закон да гласи како закон односно Предлог на закон за промет со стока и услуги.

Потоа, како второ јас би се заложил за тоа во напорите за заокружувањето на оваа материја да се слее во Законот за промет со стоки и услуги и овој вториот закон што го спомнавме под реден број шест од нашиот дневен ред мислам на Предлогот на закон за донесувајќи на закон за мерките за ограничување на слободите на пазарот и претприемништвото. Вака отворено да си зборуваме прометот со стоки и услуги е тесно поврзан и со односите на пазарот, монополистички и така натаму што ни се мошне познати.

Оттука, поддржувајќи ја потребата за донесување на ваков закон за промет со стоки и услуги, или пак закон за трговија, зависно од тоа како ќе се определиме јас истовремено се залагам во тој закон да се обработи и прашањето за слободите во прометот, монополското однесување итн., итн., и при сето тоа да се има предвид секогаш да овозможиме што помали ограничувања да има во прометот со стоки и услуги. Само на таков начин мислам дека ќе се вклопиме во концептот за пазарно однесуваше во областа на стопанството, конкретно во прометот со стоки.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сакам да зборувам околу предлогот на овој закон за една по мене уставна нерамноправност помеѓу поединецот трговец и едно трговско претпријатие или друга трговска куќа што се занимава со трговија.

Во членот 11 предлагачот сака да направи една разлика или обврските што ги дава"или ги има претпријатието и другите правни лица и трговецот што се бави со трговија да го задолжува за водење на, трговска книга. Водењето на трговската книга не е основ за рамноправност. Меѓутоа, вториот дел е кажано каде токму се задолжува трговецот како вели овдека во трговскиот дуќан да ја чува трговската книга. Во законот никаде не дал објаснување на поимот што е трговски дуќан. Дали може едно лице да има стоковна куќа што ќе има повеќе катови, повеќе штандови и да биде трговец. Сигурно - да. Дали начинот на кој што се предлага да се води трговската книга таа книга да ја води во таа книга. Дали притоа не се подразбира ангажман на други стручни лица што ќе ја водат оваа книга, ќе ја уредуваат ќе ги средуваат

фактурите,набавните сметки, и касите. Одговорот е сигурно да. Дали со ова сака да се направи дека трговскиот дуќан ќе има еден дел администрација а другиот. продажен простор. Тука предлагачот тоа не го кажува. И во овој дел гледам една нерамноправност, затоа што во казнените одредби се предвидува казна само за не држеше на книгата во трговскиот дуќан. Значи може да се бара секое време при што јас се прашувам кога трговецот кога ќе ја води оваа книга ако е должен да ја има секој момент во продавницата.

Штом зборуваме за евиденција што ќе ни даде сознание за прометот и вршењето на трговијата ќе дозволиме рамноправност без оглед дали се работи за книговодство или трговска книга затоа што и податоците во книговодството фактички се сведуваат на картотека и книга за евидентираше. Само така може да се каже дека се работи за рамноправност.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Се согласувам со ставот на Комисијата за стопанство одобренијата за работа да ги издава Министерството за стопанство и истото да ги координира работите. Тоа го кажувам од искуство бидејќи вака правиме странките да лутаат од едно во друго министерство и со тоа ништо не сме придонеле за да се развива оваа дејност, туку напротив правиме зло.

Не се согласувам во однос на ставот на Комисијата за стопанство кога вели дека не треба да се даваат одобренија на изградени објекти без дозвола, особено денеска кога имаме многу невработени од една страна, и кога немаме капитал. Зошто ова го кажувам? Не го кажувам ова затоа што нешто дека сум попаметен туку затоа што мислам дека

постојат начини малку тоа прашање да го регулираме. Може доколку тие објекти што се направени на места каде не постојат урбанистички планови во новите планови да се вклопуваат да се платат одредени такси и така тоа да следи а не едноставно да се одбиваат барањата. Велам дека тоа е многу битно затоа што ние ги попречуваме во таа смисла иницијативите. Спречуваме да се инвестира определен капитал за кој сме и те како гладни.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои Предлогот за донесување на закон за трговија.

2. Собранието на Република Македонија предлага Владата да изготви и на Собранието да му достави предлог на закон, при што . ■ . да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и предлозите и мислењата изнесени во расправата по законот.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот закон, молам да крене рака? (56 пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за експропријација и за ограничување на сопственоста.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Законодавно - правната комисија и Комисијата за градежништво и урбанизам ка и забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Бојковски.

**ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека има потреба од донесување на овој закон, но само сакам да обрнам внимание на неколку работи што не се земени предвид при изготвувањето на Законот што ќе претставува пречка при реализацијата при изградбата на одделни објекти. Овој закон фактички регулира одземање на експроприрани земјишта и згради и други недвижности и правичен надоместок за одземената надлежност, заради остварување на јавен интерес. Во понатамошниот тек се наброени објектите што се од јавен интерес. Во овие набројувања има испуштено многу објекти а кои сметам дека треба да влезат како објекти од- давен интерес, а тоа се спортски објекти, објекти од области на културата, топлификација, други стопански објекти, дали за мало или за големо стопанство, комплексната станбена изградба и реализација на урбанистичките планови.

Доколку овие наброени објекти од овие области не влезат во списокот на објекти од јавен интерес, а Законот ја усвои вака како е предложен сметам дека можеби не е преостро кажано тотално ќе замре изградба и реализација на урбанистичките планови. Фактички ќе замре колективната станбена изградба бидејќи ако таа се остави како е дадено во образложението на договарање меѓу сопствениците и корисниците

на просторот, евентуалните корисници што подоцна ќе го користат тој простор, смеам дека ќе се доведеме во неможни ситуации ако локацијата е расчистена дури и 90% ако некој од поранешните сопственици нема да сака да се договори и не е во прашање надоместок тоа ќе биде проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Извинете за малку ќе ве прекинам, а сакам да го известам Собранието на галеријата е присутен со нас овде господинот Ото од Салзбург член на Европскиот парламент и морам да го поздравиме. (Аплауз)

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Сметам дека можеме да се доведеме во неможни ситуации затоа што при договарање евентуално ако некој од поранешните сопственици не сака воопшто да се договара немаме инструмент со што ќе го натераме за договор а не е во прашање висина на надомест, дали тоа ќе биде пазарна или било каква цена, не постои можност да се натера поранешниот сопственик на договор. Сметам дека ова, и во образложението е кажано дека ќе се регулира со друг закон а не е кажано кој е тој закон, и кога тој закон ќе се донесе. Сметам ако законот вака се донесе поготово за градежништвото кое што во поголемите населени места има започнато со расчистување на локации ќе биде доведено во една тешка состојба а исто така и реализацијата на урбанистичките решенија ќе бидат неприфатливи дури и не овозможени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Мерсим Положани.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, Законот за експропријација мислам досегашниот беше еден од поважните закони за ограничување на сопственоста. Овој

закон иако е многу- скратен и рационален сепак има некои недостатоци и недоречености на кои што јас сакам да укажам, а притоа мислам на глава 5, што се однесува на основите за определување на надоместокот. Според стариот закон за експропријација тој надоместок се сврстување во категоријата правичен надоместок, една социјалистичка категорија, многу релативна, многу неодредена така да тој надоместок на разни подрачја во различни случаи беше многу различен. Постоено една голема шареноликост. По предлогот на новиот закон во членот 25 со трите става се определува дека надоместокот за експроприраното земјиште ќе се врши согласно пазарната вредност што не е помалку од она што е на пазарот. И оваа категорија е по малку релативна, не е точно одредена која е таа пазарна вредност, кој ќе ја одредува таа вредност и дали како пазарна вредност на земјиштето може да се земе пазарна цена при одредени договори за купопродажба кај надлежните судови. Ова го примам со резерва зашто овие договори често пати во голема мера лажирани односно тие цени се многу пониски од реалните цени што се договорени меѓу двете странки. Затоа мислам дека предлагачот при изготвувањето на текстот на нацртот и на текстот на Законот треба попрецизно да ги определи субјектите кој ќе ја определува цената за да не се дава можност во голема популација. Исто така, не е расчистена можноста кога се работи за надоместокот за експроприраниот износ, тој да може да се надомести со замена на друго земјиште.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:** продолжение

Во досегашната практика со овие одредби на законот, навистина го зборувам ова бидејќи сум работел на оваа област н колку години, органите кој ја спроведуваат постапката за експропријација имаат преголема слобода тие да одлучуваат дали некому ќе дадат за замена друга недвижност или не. Судот таа можност ја немаше. Зборувам за редовната постапка која се водеше во управната постапка. Затоа и овој аспект треба на некој начин да се конкретизира до која мера и во кои случаи треба да одат и експроприраното земјиште да го надоместуваат со друго земјиште.. Во најнова мера кога се работи за оние корисници на експропријацијата кој располагаат со такви недвижности.

Од досегашната практика познато е дека скоро секогаш корисниците на експропријацијата, иако располагаат со недвижности поради многу нискиот надоместок што се случуваше на оние од кој што се одземаше земјиштето избегнуваа тој надоместок, односно таа компензација да ја вршат со друга недвижност, иако со таква располагаат.

Исто така, сакам да укажам и на можноста, односно алтернативата на член 2 каде се дава можност со друг закон да се определи јавен интерес. Иако член 30 став 2 од Уставот се вели дека јавниот интерес се определува со закон, во овој случај како специјален закон се мисли на овој закон. Законот за експропријација. Јавниот интерес апсолутно мислам дека треба да се, односно при- чините поради кој треба се утврди јавниот интерес, треба да се предвидат само со овој закон. И тие да бидат децидно наброени во овој закон.

XI/2

**Т0МИСЛАВ СТО ЈАНОВСКИ:**

Дали има потреба да се донесе овој закон, дали има уставна основа, јас говорам да, и тоа се утврди во Законодавно правната комисија. Овој предлог остана. Меѓутоа, размислувањата на Законодавно правната комисија во предложениот текст и поголемиот дел од Законодавно правната комисија, а и сега говорам лично од мое име не се согласуваат, и ќе се обидам на некој начин да објаснам што треба да се измени кога ќе дојде предлог на законот да може да има помалку интервенции да се изменуваат со амандмани или други интервенции.

Дами и господа, Уставот познава рамноправност на субјектите Тука ги прави и граѓаните за чие право тоа е и донесено, како и правните и физички лица во остварувањето на правните интереси. Во овој закон е токму нарушен принципот на уставот што го нашол решението во членот 2 5 каде говори за определување на надоместок за кој говореше и колегата Положани пред мене, каде се говори дека корисникот на експропријацијата е должен во прв ред да даде соодветен надоместок во непокретност каква што се зема меѓутоа, кога доаѓа она спорното за кое во еден дел говореше Положани, а јас се надоврзуман на тоа, тоа е ставот 3 каде се говори за утврдување на казнена вредност ако не се одреди каква зграда да се даде, со соодветна површина и бонитет и квантитет и квалитет што треба се заедно. Сите земаат како основ за се определи за пазарна вредност купопродажната вредност на земјиште од слободен промет што се остварува во дадениот момент кога се врши плаќање. Таква стилизација не ни пречи. Меѓутоа, не се гледа одлуката што под тоа се подразбира вредност и поради ова некажување сакам да докажам дека во самиот овој член има нерамноправност. Значи, противречност во самиот член каде се говори ќе му се даде квалитетно земјиште по бонитет, квалитет и површина. Зграда таква и таква, оддалеченост, се зема. Овдека се говори само за цената што се постигнува.

XI/3

Дами и господа, при прометот на недвижностите е апсолутно предвидено да се плаќа данок на- промет. Данок на промет е вредност на недвижноста. Човек кому му е извршена експропријација тој има намера да си го поврати имотот со купување со тие средства кој ги добил од експропријација по основ на пазарна вредност ќе треба да се јави кај продавачот. Тој ги нуди навистина случајно, или така е стабилен пазарот да се купува за иста вредност, таму со плаќање на данок за недвижности задолжително задолжен е законски обврзник да плаќа данок на промет е продавачот. Тоа? во практиката 99%. се купувачите. Тие купуваат земјиште, тие купуваат недвижност и тие треба да го платат данокот на промет. Тогаш веднаш доаѓа оној што земал, односно добил во замена како надомест за експроприран имот нива или куќа, тој не треба да плати данок на промет, ако нема разлика помеѓу она што, дава и што прима, а од друга страна во законот пишува пак ако е општествен интерес и општествените претпријатија, тие не плаќаат данок на промет, тогаш е лесно ако е разликата во полза на државата. Ако разликата е во полза на оној што прима надоместок, тој ќе треба да го плати данокот на промет, затоа што пак таму се кажува дека данокот на -промет го плаќа приватникот. Значи имаме една законска обврска . За да не настане оваа нееднаквост ќе треба во законот да се предвиди дека како пазарна вредност е данокот, вредноста на имотот и услугите, оној кој прима експропријација е должен да ги плати при остваруваше на тоа право. Тој ќе треба да оди кај адвокат да прави договор за продажба, ќе треба заверува, да го застапува, ќе треба да плати за таа работа, а говориме за пазарна вредност. Ако не ги добие овие вредности како противвредност во смисла на пазарна вредност, тој нема да има еднаквост, иначе нема да има по мене пазарна вредност, туку ќе има вредност со намалена вредност, а намалената вредност ќе биде за висината на данокот и овие услуги во прометот. Ние се договоривме со

претставниците на Владата и Законодавно правната комисија и ако имавме навидум одобрување на оваа работа, меѓутоа, добро, добро, ќе видиме, немаше некоја гаранција дека ова ќе оди како основ за определување на вредноста.

Понатаму, сакам да говорам и за начинот на определување и на пазарната вредност. Веројатно со господинот Положани ќе имаме или во еден дел согласување или во другиот не. По негово бара да се направи орган кој ќе цени. Ако се направи орган кој ќе цени, тогаш се нарушува основниот елемент на уставот, пазарна вредност. Пазарната вредност не може никој да ја одреди освен пазарот, затоа да се допушти да се цени она што во моментот на прометот било. Токму тоа го кажа Положани дека вредноста што се постигнува помеѓу продавачите е една вредност и се разликува со вредноста дадена во договорот. Меѓутоа, таа вредност што е во договорот веднаш се разликува и со вредноста што е на пазарот па со Уставот и со овој закон судовите ако се задолжени да определат надомест за експропријација, пазарната вредност во момент на одредување. Понатаму има надоградба во самиот текст на предложениот закон, што ќе биде ако оваа сума се определи од судот и не се плати на време, тоа се затезните камати и начинот на плаќање на казнена камата во случај на неплаќање. Според тоа, сметам дека решението ако се применат овие елементи за мене би било валидно.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувана претседателство, почитувани колеги, јас ќе се согласам дека има потреба од донесување на ваков закон зашто; и оваа материја влегува во проблематика што треба да се регулира после осамостојувањето на Република Македонија и после нејзиното прогласување на самостојна и суверена. Секако дека со тоа ќе се

заокружи и законитоста кај нас. Меѓутоа, бидејќи станува збор за предлог за донесување во втората фаза што би се рекло и на овој акт, ми падна во очи дека како да не се применува творечки членот 30 на Уставот на кој базира донесувањето на овој закон. Имено, како што знаат правниците, за оваа проблематика се употребува и зборот експропријација и зборот одземање.

Јас мислам дека при подготвувањето на конечниот текст на овој закон, односно на Предлогот на негово донесување ќе мора да се определиме за категоријата експропријација, а зборот одземање да не. постои, затоа што во практичната примена на овој закон, сигурно дека ќе предизвикува проблеми.

Од тука, јас сум должен да изнесам една општа констатација што владее, особено меѓу стопанствениците, дека во содржината на предлогот за донесување на овој закон се повлекува појмовната и терминолошката недореченост содржана во член 30 од Уставот на РМ кој е уставен основ на предлогот што може, како што се вели тука да предизвикува несогледливи штети по приватните сопственици.

Имено, во став 3 од споменатиот член на Уставот, се зборува за одземање во наводници и ограничување на сопственоста и правата на лицата, додека во став 4 од истиот член е употребен терминот експропријација. При тоа се констатира дека не е јасно дали овие термини се употребени како синоними, или пак терминот одземање значи поширок генерички поим, кој во себе покрај експропријацијата вклучува и секој друг облик на одземање на приватен имот од страна на државата, како што е на пример особено национализацијата.

Ова е особено значајно бидејќи доколку се усвои второто толкување приватните сопственици би останале без адекватна уставна гаранција дека во случај на национализација, или друг облик на од-
земање би добиле правичен надоместок во висина на пазарната

вредност на одземениот имот, затоа што став 4 од овој член на Уставот, таков надоместок предвидува само со случајот на експропријација.

Токму заради тоа, јас се залагам за определбата при изготвување на конечниот текст на овој закон во законот да стои само синонимот експропријација. За тоа е предвиден таканаречен пазарен надоместок, или паричен надоместок за што сите се залагаме.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Некои мои укажувања по однос на овој предлог за донесуваше закон ги кажаа некои колеги, а јас ќе кажам некои работи како ги гледам. Малку ми е познат стариот закон, сум учествувал во донесување, односно во процена на имоти, па заради тоа ќе укажам само да придонесам новиот закон да биде што подобар.

Ми се чини господинот Бојковски кажа за некои објекти кои не се опфатени тука, а јас ќе додадам дека на втора страница, покрај другите објекти, вели изградба на објекти за основното образование и воспитание, а високото образование е исклучено. Мислам дека тука треба да биде опфатено и високото образование.

Што се однесува до алтернативата на член 2, јас сум да не се прифати, а со тоа отпаѓа и член 8 и 9.

Што се однесува до прашањето на пазарната вредност, таа пазарна вредност неколку пратеници за неа зборуваа тука, иако има направен обид да се одреди што е таа пазарна вредност, мислам дека тука повторно ќе стојат доста субјективизми, а познати ми се некои работи кога станува збор за таа пазарна вредност.

Друга е пазарната вредност што навистина се продава да кажам денес за марки, или за долари, најчесто за марки, а друга е пазарна вредност запишана во договорите. Мислам дека тоа е јавна тајна, која ја знаеме сите, знаеме дека постојат комисии за ревидиран меѓутоа, не е

тоа што е таму запишано. Според тоа, ќе чиниме голема неправда ако кажеме дека тоа е пазарна вредност.

Затоа, јас се залагам тука повеќе да применуваме кога е во прашање градежен објект да биде градежната цена, градежната вредност на објектите според цени кои важат на денот на експропријацијата Секако, дека тука има влијание како што е кажано и во законот одржувањето на објектите и амортизацијата на објектите. Тоа треба да се респектира.

Мислам дека овој закон, за разлика од поранешниот, односно оној кој што е во сила чини доста напори да биде современ, бидејќи предвидува и одредени други работи кои што тешко или во стариот закон се решаваат, или не се решаваат. Имаше едни во примена, кога доаѓаше, имаше еден термин кога се зборуваше за тоа дека е време на експропријација, овде тоа е заменето со закупите,ми се чини, добро е тоа да се прави така.

Сега едно посебно прашање кое мене не ми е доволно јасно тоа е прашањето поврзано со член 2, велам, како што кажав порано дека е направен доста напор одредени неправилности да се отстранат и тука на пример во ставот 3 се вели: кога одземањето на недвижностите од став 1 на овој член носителите на права врз тие надлежности би се довеле до стечај или ликвидација, губење на значителен дел од производството или услужната дејност, или отпуштање на значителен дел од вработените им следува надоместок во висина потребна за продолжување на дејноста. Следниот став, односно став 5 вели надоместокот од став 4 на овој член или други средства прибавени врз основа на него претставуваат средства во општествена сопственост. Некако мене не ми е јасно. Зошто тоа да претставуваат средства во општествена сопственост кога се знае, зборува ставот 3 за кого се наменети.

XII/1. - JM-ВБ

**СТРАШО МИЛКОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, ние на Комисијата долго време расправавме и заклучивме дека има потреба од донесување на ваков закон, меѓутоа она за што излегов на говорница и сакам да го кажам дека за да биде донесен овој закон и да биде применлив точно заради ова што зборувавме како еден од сегментите за пазарната вредност мора да се донесат и низа други закони со кои што би ја дефинирале оваа категорија, затоа што пазарната вредност сигурно дека претставува една поширока категорија која што е детерминирана од многу други работи. Така да кажам еден од елементите врз утврдување на пазарната цена претставува изградената инфраструктура која секако ја зголемува вредноста на земјиштето во градот и она што се наоѓа на друго место. На тој начин треба да се дефинираат, треба да се донесат одредени закони кои што да кажеме би ја ограничиле таа пазарна вредност, а сепак нејзината вредност би се свела на правичен надоместок. И затоа ние на Комисијата не одлучивме баш овде како што е кажано. Јас би го прочитал последниот пасос во кој што пишува како и во развојот на малото стопанство беше укажано на потребата за негово донесување да бидат изготвени и сите други закони кои имаат допирни точки со овој закон. Со овој закон можат да имаат допирни точки многу други закони, меѓу- тоа заклучокот на Комисијата беше да се донесат закони со кои овој закон би го направиле применлив. Мислам дека така беше.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, придржувајќи се кон сите претходни дискутанти и колеги кои се изјаснија за неопходноста од донесување на овој закон, јас ќе се задржам само на еден момент по мене многу квалитетен во одредбите од Законот гој се однесува во делот

на постапката за експропријација. Во членот 17 децидно се кажува- дека корисникот на експропријацијата влегува во владение на предметот на експропријацијата откога ќе се исполни надоместокот од спогодбата меѓу сопственикот и корисни- кот на експропријацијата, или по одлуката на судот. Мислам дека ова е едно квалитетно решение кое што во негативностите од досегашната пракса кои беа катастрофални во овој поглед бидејќи по завршување на постапката веднаш се воведуваа корисниците на експропријацијата во владение. Тоа создаваше дост^ практични имотно правни потешкотии и во многу го нарушуваше и реализирањето на просторните и урбанистичките планови. Мислам дека ова решение е за поздравува и поентата на дискусијата е во тоа што во наредниот став од членови каде што се уредуваат исклучоците кои што овде се опфатени само во два момента, тоа е итноста, или во случај на позначителни штети. Мојот предлог е во интерес на непробиваше на ова квалитетно решен на оваа новина која е во интерес на сопствениците да се изанализира можноста дали Владата не може да ги конкретизира тие итни случаи и тие ситуации на позначителни штети, или тоа исто да го регулира во некој подзаконски акт. Пак ќе повторам за да не се разводни квалитетот во оваа одредба од став 1 на овој член.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, и јас се придружувам кон оние пратеници кои ја изразија потребата од донесување на овој закон. Мое размислување е дека дури и доцниме со донесувањето на овој закон. Затоа мое размислување е да се скрати фазата на нацрт и следната фаза да биде предлог на закон. Меѓутоа, од причините кои што бег спомнати од повеќе пратеници за справедливост на овој закон, мислам дека би требало во изготвувањето на дефинитивниот текст да навистина категоријата пазарна вредност, јас исто така би се задржал на таа работа

на некој начин бидејќи најверојатно и не е можно во самиот закон да биде дефинирана. Меѓутоа, за да овозможи навистина функционирањето на овој закон, односно да се завршуваат постапките околу експропријацијата доколку не се во чиста физичка замена во тој случај на некој начин би треба о во законот сепак да стои решение за да не се остави одредени прашања, одредени предмети незавршени во поглед на тоа да оно што е сопственик на тоа дали тоа е зграда или земјиште кое треба да се експроприра да не може да се најде заедничко решение и се постигне таа пазарна вредност затоа што велиме дека таа може да биде во одредени моменти релативна. Оттука мислам дека, размислувам за законот за да биде применлив едно решение кое би влегува во законот, сепак вредноста да се одреди, односно се остави таа вредност да биде пазарна вредност, меѓутоа да се даде и едно ограничување практично како една завршна, или плафон на сето тоа договарање и дефинитивно одлучување и вредноста не може да поминува да речеме повеќе од 5% или 10% од вредноста на објектот ќе треба да се гради на тој простор, или со кој се врши замена на зградата, или земјиштето за кое е потребно да се обави процесот на експропријацијата. Мислам дека на тој начин би можело да им и конечно и временско решение на проблемите за да не се остава тие отворени и одредени постапки остануваат во судот како трај нерешени од таа причина што странките не ќе можат да се спогоди токму околу одредувањето на пазарната вредност. Мислам дека и логично е да се најде некое такво решение бидејќи неоправдано одредени објекти или се рушат, или некое одредено земјиште се одзема за да се гради и да се прави нешто што ќе биде помалку вредно од тоа што веќе постои на тоа земјиште, или постои на тој простор. Сигурно дека тој објект кој треба да се гради мора да има поголема вредност за да има и оправданост за експропријација па токму велам од таа опр авдана вредност да се

одреди еден процес со кој ќе може да биде ограничена и вредноста на обесштетувањето на сопственикот на тоа земјиште, односно на тој простор, односно на таа зграда кое е предмет на експропријација. Мислам дека ова е едно практично решение со кое би можело да се дојде навистина во една побрза спроводливоста на законот зашто велам има потреба и се залагам исто така, да оди во една пократка постапка, односно следната фаза да биде предлог на закон за експропријација.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, сметам дека воопшто не е спори потребата од донесувањето на овој закон и го поддржувам предлогот за донесување на закон. Но, сепак сметам за да може овој закон да се применува во пракса неодложно е потребно заедно со донесувањето на овој закон да се донесе и законот за градежно земјиште. Законот за градежно земјиште со регулирањето во областа на градежното земјиште и Законот за експропријација толку се испреплетуваат, толку имаат допирни точки да ако еден закон се донесе, а другиот закон не е ниту во фаза на предлог за донесување, мислам дека н€ да го имаме оној ефект што би требало да го очекуваме од донесувањето на овој закон. Тоа е едно .

Второ, сметам дека членот 2 треба да остане онака како што е предложен без алтернативите, без алтернативата заради тоа што со прифаќањето на алтернативата фактички би го блокирале целото донесување на овој закон и не би имало воопшто потреба заради тоа што за секоја експропријација Собранието како орган ко треба да донесе посебен закон за секоја експропријација во една постапка што би се одолжила би имале една ситуација што само донесувањето на законот

би траело доста долго време од една страна од друга страна сигурно изградбата на објектите кои што треба л се изградат доста би одоцнувале. Заради тоа сметам дека алтернативата на членот 2 би отпаднала, а исто така и членовите 8 и 9. И така, сметам дека членот 17 има еден доста подруг квалитет н законот за експропријација во делот на правичниот надоместок ко што сигурно треба да се подржи во овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да не настане недоразбирање околу тоа што значи, внесување на содржина на вредност од договор. Господа, договорот К1 помеѓу странките поднесе за оценување на вредноста и плаќање на данок на промет се дава само како предлог. Комисијата при Управа за приходи врши проценка на вредност . Кога говориме што е пазарна вредност на основа договор, вредноста се зема онаа што ја утврди Комисијата и треба да се сфати вака. Договорот е предлог, а вредноста пазарна ако така законодавецот ја сфатил е онаа што ја утврдила комисијата и на кое е дадено да се плати данок на промет. И во ист случај значи веднаш во самиот договор имаме решение ш' е пазарна вредност што ја утврдила комисијата и на што е платен данок на промет. Значи ако некој сака такво земјиште да купи тие пари се доволни да се плати. Значи решението на Управата за приходи за плаќање на данок на промет е одлуката за вредноста, а на странките што ја имале. Можно е ќе има злоупотреби ако комисијата прифати. Меѓутоа, државата има интерес да собере поголем данок на промет и практично делува на зголемување на вредноста и е по ка до пазарната вредност од една страна, а од друга страна што најбитно при определување на вредноста на прометната вредност нанедвижноста се знае кога се работи за планинско земјиште, за земја кое се обработува

кои култури се одгледуваат, до град, дали во одреден момент, или подоцна може да биде како место за градење и слично. Тие се сите елементи и кога ќе ги додадеме на овие елементи уште инфраструктурата, патишта, вода, струја ако има, значи ние добиваме вредност на таа имовина. Според тоа, не треба многу да се сомневаме во граѓаните во однос на вредноста. А ќе има и> потреба што? треба да се гради тоа и тоа, повеќе се заинтересирани да купуваат, тогаш вредноста се зголемува.

Меѓутоа таа оди на контрола, еден договор таков и се знае што е. Затоа сметам дека треба така да се разбереме . Јас подразбирам договор даден на странки и предлог,уплатен данок на промет, одлука на надлежен орган. Тоа е крајно решение. Што велат увод, образложение и одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претрес

Молам, сега за да минеме на гласање треба да го прочитам заклучокот.Меѓутоа да го утврдиме точниот број на присутни пратеници

Ве молам, да се повикаат сите пратеници да влезат во салата, за да можеме да извршиме гласање.

Молам, координаторите да се погрижат да обезбедат уште колку се потребни пратеници овде. Ве молам, сите да останат во салата, а само координаторите да се погрижат да дојдат пратеници 58 пратеници се присутни. Погрижете се да имаме барем 62 пратеници. Ве молам, потребно е да обавиме гласање по законот и предлагам и тој состав да поработиме подолго вечерва, да не се продолжуваат денови. Ве молам, да се направи напор.

Ќе почекаме уште десет минути и ако не добиеме можност за гласање ќе продолжиме со работа утре во 10,00 часот

(Пауза од 10 минути)

По паузата.

Очигледно ние сега не можеме да собереме доволен број патеници за да можеме да обавиме гласање по овој закон.

Претресот е завршен.

Ве молам, утре почнуваме со гласање по законот и затоа треба сите да дојдат навреме.

Седницата ќе продолжи утре со почеток во 10,00 часот

(Седницата прекина во 17,50 часот)